ЗИМ „СКОПЈЕ“ АД СКОПЈЕ
ЗАВОД ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ И РАЗВОЈ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ „СКОПЈЕ“ АД СКОПЈЕ

Стопанска банка АД Битола ¦ сметка: 500-0000008255-94
Шпаркасе банка АД Скопје ¦ сметка: 250-0000000167-95
Халкбанк АД Скопје ¦ сметка: 270-0000010676-63
ЕМБ 4067258 ¦ ЕДБ 4030956274932

СЕРТИФИКАТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
Тестирање МКС EN ISO/IEC 17025 ЛТ – 007 Testing
Сертификација МКС EN ISO/IEC 17065 СТ - 012 Certification
ЛИЦЕНЦИ
Проектирање A
Ревизија A
Изведба A
Надзор A
СЕРТИФИКАТИ ЗА КВАЛИТЕТ
МКС EN ISO 9001
МКС EN ISO 14001
МКС EN ISO 18001
GS1 Македонија

# АНАЛИЗА И ВИЗУЕЛНО ОПТЕРЕТУВАЊЕ НА ГРАДОТ

**Анализа и елаборат за визуелно**

**оптеретување на потегот од црквата „Св.Софија“, по улицата „Цар Самоил“ и „Коста Абраш“, преку плоштадот „Св.Климент Охридски“, низ Охридската чаршија, плоштадот „Крушевска Република“, продолжение до бул.„Туристичка“ и делот од чаршијата до пресекот со ул. „Гоце Делчев“**

**КНИГА 2**

BORIS TANESKI

Digitally signed by BORIS TANESKI
DN: cn=BORIS TANESKI gn=BORIS c=MK o=ZIM SKOPJE AD SKOPJE e=zimad@t-home.mk
Reason: I am approving this document
Location:
Date: 2019-12-24 14:09+01:00

**Скопје, декември 2019**

СЕРТИФИКАТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
Тестирање МКС EN ISO/IEC 17025 ЛТ – 007 Testing
Сертификација МКС EN ISO/IEC 17065 СТ - 012 Certification
ЛИЦЕНЦИ
Проектирање A
Ревизија A
Изведба A
Надзор A
СЕРТИФИКАТИ ЗА КВАЛИТЕТ
МКС EN ISO 9001
МКС EN ISO 14001
МКС EN ISO 18001
GS1 Македонија

# АНАЛИЗА И ВИЗУЕЛНО ОПТЕРЕТУВАЊЕ НА ГРАДОТ

## Анализа и елаборат за визуелно

## оптеретување на потегот од црквата „Св.Софија“, по улицата „Цар Самоил“ и „Коста Абраш“, преку плоштадот „Св.Климент Охридски“, низ Охридската чаршија, плоштадот „Крушевска Република“, продолжение до бул.„Туристичка“ и делот од чаршијата до пресекот со ул. „Гоце Делчев“

**ФАЗА: - ЕЛАБОРАТ**

ИНЖЕНЕРСКА ОБЛАСТ /КАТЕГОРИЈА: **АРХИТЕКТУРА/ Прва категорија**

Набавувач: **ОПШТИНА ОХРИД** Ул. „Димитар Влахов“ бр. 57

Носител на набавката: **ЗАВОД ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ И РАЗВОЈ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ „СКОПЈЕ“ А.Д. СКОПЈЕ** Ул. „Живко Чинго“ бр. 16

Техн. Број: **09-1930 од 12.11.2019 год.**

Извршители: **По решение бр. 03-1930 од 12.11.2019 година**

Директор:

________________________

м-р Борис Таневски дипл.град.инж.

**СОДРЖИНА НА ЕЛАБОРАТОТ**

**КНИГА 2**

**6.Сегмент „Чаршија“ Плоштад Св Климент Охридски северна страна на улица Св.Климент Охридски и обратно**

**6.1. Сегмент долж западната страна на ул Св Климент Охридски до пресек со ул Аргир Маринчев**

**6.2. Сегмент од пресекот на улица Аргир Маринчев со ул Св Климент Охридски према север до плоштад „Чинар“**

**6.3. Плоштад Чинар (Крушевска Република)**

**6.4. Улица 7-ми Ноември / кон Туристичка (лева и десна страна)**

**6.5. Улица Гоце Делчев према Струга (Турска чаршија лева страна кон втор чинар)**

**6.6. Улица Гоце Делчев до плоштад Крушевска Република (Чинар)**

**6.7.Плоштад Крушевска Република (Чинар) по чаршијата, насока према езерото - лева страна**

**Д.СИНТЕЗНА ПРОЦЕНКА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА**

**Ѓ. ПРЕДЛОГ МЕРКИ И ИДНИ ПРОЕКТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА**

**Е.ПРЕДЛОГ ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР И НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ОРИЕНТИРАНИ КОН НЕГО**

**1. Вовед -релевантност за донесување на правилник**
**2. Предлог Правилник**
**2.1 Општи одрдби**
**2.2 Уредување на предметниот дел од јадрото со урбана опрема**
**2.3 Одржување на хигиена на јавните површини**
**2.4 Отстранување на предмети и работи од урбана опрема противправно поставени или изградени**
**2.5 Прекршочни одредби**
**2.6 Преодни и завршни работи**

**Ж.ПРЕДЛОГ ЗА КАТАЛОШКА СОДРЖИНА ЗА ТИПОЛОГИЈА НА ЕЛЕМЕНТИ ЗА УНИФИЦИРАНО УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМА НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР И ПОВРШИНИ ОД АРХИТЕКТУРАТА КОИ СЕ ВО ВИДНО ПОЛЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР**

**1. Елементи од урбана опрема на партерните површини**
**2 Опрема од урбан мобилијар**
**3.Утилитарен мобилијар**
**4.Елементи за засенчување**

**Е. ДИГИТАЛНА ФОТО И ВИДЕО ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ТЕРЕНСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА СОСОТОЈБА (CD)**

## Културно историски вредности на Чаршијата

Во Охрид како значаен центар низ средновековниот период, видно место завземаат разновидните занаетчиски работилници. Од занаетите особено е развиено филигранството за што постојат многу артефакти на црковни предмети како крстови реликвијари, разни пехари, опкови на икони, накит и друго. Во тој период е оформена и старата чаршија како логичен завршеток на подградието на градот во чиј приобален дел се вршела робна размена со околите населени места лоцирани околу брегот на езерото. Во XVII век и охридската чаршија зафатила голем простор во подградието, располагајќи со сите неопходни објекти за одвивање на занаетчиските и трговските активности. Се споменува дека во тоа време имало 150 дуќани, 3 бесплатни конаци и 3 анови. Имало и 7 добро опремени кафеани.

Заедно со развојот на градот се развивала и охридската чаршија, така што во првите децении на 19-от век бројот на дуќаните веќе нараснал на 250. Овој период е златното време кога занаетчиството го доживува својот најголем процут. Големиот број на дуќани бил условен од развиените занаети меѓу кои најзначајни биле ќурчискиот, табачкиот, терзискиот, самарџискиот, кувенџискиот и калајџискиот занает. Во Охрид во 18-от и 19-от век се развил и шапкарскиот занает.

Кон средината на 19-от век полека се формира физиономијата на стариот град чиј дух иако само како бледа слика го препознаваме и денес. Чаршијата е растурена низ повеќе улици, но видлива станува концентрацијата во потегот од чинарот кон езерото. Во малите улички дуќаните останале од слаб материјал, додека во главната улица кон пристаништето се изградиле „магази“ од цврст материјал, камен и тула со сводови, подруми и полукатови. Така изгледале објектите на познатите трговски и занаетчиски семејства од втората половина на 19-от век. Најмногу измени охридската чаршија претрпела во втората половина од 19-от век кога во неа почнуваат да се среќаваат катови во бондручни конструкции кои се користеле за работилници или магази. За жал другите дуќани како трошни и дотраени објекти се срушени и нема од нив сочувани.

Од епохата на 18-от и 19-от век сочувани се поголем број дуќани во Охридската чаршија. Повеќето од нив се градени масивно со ѕидарија од делкан камен и со единствена архитектонска концепција: подрум, приземна просторија отворена кон чаршијата и заштитена со железни капаци и кат со две мали пенџерчиња. Приземната просторија е наменета за трговија, а подрумот и спратот за магацини. Вториот тип на дуќани од крајот на 19–от век е ѕидан со делкан камен и сводови од тула. Изградени претежно на источната страна од чаршијата овие дуќани го ползувале наклонот на теренот така што приземјето-работниот или продажниот простор е на нивото на чаршијата, а од задната страна подрумот е на ниво на спуштен двор кој служел за економски потреби и директен пристап до магацинот. Врската помеѓу приземјето и подрумот обично се остварувала преку капак на подот. Во овој период дуќните немаат никакви санитарни уреди. Таквите потреби луѓето ги задоволувале во ановите и другите угостителски објекти во самата чаршија. Градењето дуќани од поцврст и поквалитетен материјал и на повисоко архитектонско ниво се должело на зголемувањето на материјалните добра на трговците во Охрид. Тогаш и дрвените кепенци се заменуваат со железни капаци. Трговските врски со Европа и европското влијание се одразуваат и во говорот на граѓаните. Сега веќе

деловните објекти не ги нарекуваат дуќани туку магази (од францускиот збор магазин).

Во периодот помеѓу двете светски војни се случуваат поголеми промени во структурата на старото градско јадро со градење на по волумен поголеми објекти во академски стил, односно со неокласицистички стилским одлики. Таквите објекти се домонантни на просторот помеѓу ситната стамбена структура и архитектура поинаква од постојната староградска. Под влијанието на европската архитектура после долгиот Отомански период и на овој простор се чувствува влијанието на Европа, но на жалост новите објекти органски не се вклопуваат во постојниот простор. Како типични примери на таа архитектура се: Музејот на Словенска пиосменост (некогашно училиште Св. Климент Охридски), Управната зграда на НУ Завод и Музеј - Радничка школа, училиштето Св. Сава, хотелот Радич и многу други.

На почетокот на 20–от век занаетчиството се уште претставувало многу значајна стопанска гранка бидејќи индустијата сеуште не била развиена Ова е тежок период на востание, војни, но и од друга страна почнува навлегување индустриски производи од западна Европа со конкурентни ниски цени. Населението е принудено да го напушта занаетот или да заминува надвор од земјата.

Занаетчиите работеле во примитивни услови и со примитивен алат и не можеле да го издржат притисокот од конкуренцијата на големите работилници. Во овој период повеќето занаетчиски дуќани биле лоцирани на ул. „Гоце Делчев“, додека оние побогатите држеле дуќани во главната трговска улица кон езерото. Занаетчиите се нашле во неповолна ситуација во споредба со снаодливите трговци кои нуделе во своите дуќани разновидни индустриски производи. Само неколку занаети се сметале дека ќе покажат прогрес во иднина и тоа чевларскиот, опинчарскиот, шивачкиот, коларскиот, ковачкиот, качарскиот, градежниот и пекарскиот занает. Во општината Охрид во 1919 год. биле самостојно пријавени и регистрирани како самостојни 183 занаетчии: 48 чевлари, 25 пекари, 23 ковачи, 12 касапи, 11 шивачи, 8 столари, 7 потковувачи, 5 бербери, 5 самарџии и други занаетчии.

До 30-тите години значајно се прошириле основните занаети како чевлари, бербери, шивачи, пекари, касапи, но во ова време се јавуваат и нови занаети како: фотографи, модни шивачи, бравари, бисерџии и др. Голем удар на занаетчиството била големата економска криза. После економската криза настапува еден помирен период за занаетчиите. Со отворањето на електричната централа, правењето на градскиот водовод, приготвувањето на градската плажа, поправањето на улиците многу занаетчии и работници нашле работа. Тогаш се случуваат промени во чаршијата. Во Охрид доаѓаат првите туристи, чаршијата се дотерува, се рушат старите кепенци и се прават модерни излози и бетонирани тротоари. Туристите почнале да купуваат разни сувенири од занаетчиите. Но сепак занаетчиството останало на екстензивно ниво, оптоварено со давачки на државата, затоа бил и голем бројот на бесправни занаетчии. Занаетчиското производство било целосно наменето за пазарот на овој регион. Во 1933 год. правно регистрирани занаетчии во Охрид имало 286, повеќето од нив без помошници.

Меѓу двете светски војни со економскиот подем и чаршијата го менува својот лик, па место бондручните тремни објекти почнуваат да се градат објекти со неокласицистички обележја и елементи. Тие се јавуваат како контраст на камените и бондручните дуќани во чаршијата. Тоа се куќите на Чорбевци, едната

од нив поранешна управа на Охридско лето фестивалот, Гинек, Зградата од Радио Охрид, куќата денес од семејство Видически, куќата од Белич, повеќе објекти и низ главниот дел од чаршијата и на ул. 7-и Ноември како и во делот по Трсија (покрај езеро). Приземните дуќани покриени со сводови добиваат кат за становање со карактеристични балкони без еркери со необични фасади во пастелни бои и скромна второстепена пластика. Во чаршијата и ден денес објектите од овој период го чинат најголемиот дел. Во тој период се градат угостителски објекти како хотелите „Српски Краљ” („Радиќ”) кај денешнот плоштад, „Белви” и „Турист” покрај езерото. Имало и други угостителски објекти како хотел „Солун“ (кај денешниот рибен ресторан) ресторанот „Велика Србија“ („Ориент”), анови, кафеани околу плоштадот и околу чинарот каде најпознато било „Теферич“ кафето кое имало маси во сенката под чинарот. Некаде до 1930 год. житното пазриште во Охрид се наоѓало кај денешниот плоштад. Пазарот на бавчанџиите „маас пазар“ се наоѓал на потегот од стоковната куќа „ Билјана “ до скаличките кои го сечат низот дуќани. Кај поранешната дрвара, покрај езеро пак, се наоѓал „ ат пазар “ или „ ајван пазар”- пазарот за животинска стока.

Во периодот меѓу двете светски војни од 1919-1941 год. во Охрид е отворено и работело Занаетчиско - трговско училиште кое го завршиле голем број ученици, научиле занает, станале калфи, а потоа добри мајстори и трговци. Во истиот период работело и Женско занаетчиско училиште.

Многу важен момент во периодот меѓу двете светски војни е отворањето на резбарското училиште во Охрид во 1927 год. Училиштето добило статус на редовно четиригодишно училиште и како такво постоело се до 1949 год. кога отсекот за резба се присоединил на средното училиште за применета уметност во Скопје.

После Втората светска војна чаршијата претрпува големи измени, се рушат низовите на дуќани од Чорбевци до „Амамот“ и џамијата „Хаџи Кас’м“. Чаршијата тогаш губи од својата историска функција, а се добиваат скапи неискористени простори. Чаршијата се поплочува со крупен варовнички камен во сивкасто- виолетови нијанси. Во почетокот на 60-тите години е срушен и хотелот од Радиќ. Се градат големи самопослуги и стоковни куќи. Дури некаде во 70-тите години се гради угостителскиот комплекс „Летница“. Со пробивањето на улиците Борис Кидрич и Туристичка јасно се разграничуваат границите на чарщјата. Ул. Борис Кидрич е всушност нејзината источна граница, а бул. Туристичка и ул. Абас Емин северната граница каде влегува делот од чаршијата по битолскиот и по струшкиот пат и денешниот градски пазар. Јужната граница е езерото од пристаништето до Долна Порта, а западната ја чинат низовите дуќани на линијата под ридот.

Чаршијата се уште претставува единствен градски центар и просторно и по својата функција, претставува срце на крвотокот на градот. Во нејзината близина се наоѓаат најважните административни објекти како пошта, банка, суд, општина, центар за култура. Таа ја чува старата историска линија, со низови дуќани на ситни парцели, без некое прецизно зонирање на дејностите. Охрид тежнее да стане модерен град.

Во овој период, поточно во 1979-1980 год. Охридскиот регион е ставен во списокот на светското културно наследство.

## 6.Сегмент „Чаршија“ Плоштад Св Климент Охридски северна страна на улица Св.Климент Охридски и обратно

### 6.1. Сегмент долж западната страна на ул Св Климент Охридски до пресек со ул Аргир Маринчев

### 6.2. Сегмент од пресекот на улица Аргир Маринчев со ул Св Климент Охридски према север до плоштад „Чинар“

### Квалитет на визуелниот и културно историски идентитет на чаршијата од плоштадот до стариот чинар (плоштад Крушевска Република)

Тој е релативно нарушен и девастиран со содржини од несоодветна примена на урбана опрема со голем број современи дуќани декорирани со светлечки реклами, клима уреди, тенди и слично, кои пулсираат во современ дух.
Тој е централен дел на градот Охрид кој заедно со пошироката околина со кружниот ток и пристаништето претставуваат комплексен **урбанистички јазол**. Се работи за вкрстување на повеќе патни правци со мешовит пешачки и колски сообраќај на исто хоризонтално ниво со соодветна сигнализација која релативно добро функционира во текот на годината но во летниот период претставува **„тесно грло“** каде патникот намерник треба за прв пат да се сретне со убавините на древниот Охрид и Охридското Езеро, и е потребно да се посвети поголемо внимание и подлабока анализа на неговата функција и значење со интегрално решение како пешачка зона.
Почнувајќи од самиот плоштад, кој треба да биде беспрекорно уреден, каде спомeникот на Св Климент треба да биде визуелен центар – **урбана поента**, како патрон на градот, кој со својата содржина, значење, треба да привлекува внимание. Но тука, е друг случај, каде поголемо внимание привлекува огромниот рекламен екран со прејако озвучување. Позадината на споменикот е нарушен со неуреден дел од комплексот „Летница’ со импровизирана капела на „Св Димитрија“ и детска играчница позади сендвичарата. Тука е и самопослугата „Рамстор“ која го користи слободниот отворен простор на некогашната градска кафеана „Летница“ како складиште на картони и друга амбалажа. Одејќи понатакаа се приметуваат мали времени објекти на завршетокот од комплексот „Летница“ кои се без ред и некаква урбана усогласеност а особено кога не работаат и кога се празни делуваат како расфрлен кабаст отпад. Истото се случува и на потегот на слободниот простор помеѓу комплексот „Летница“ и трговскиот центар „Амам“ каде се поставени времени објекти „Јавни тоалети“ и „ Културен центар-сувенирница“ кои воопшто не се вклопени во просторот. Вон сезона овој простор изгледа запуштен без урбана содржина. Одејќи понатака се до плоштадот на стариот „Чинар“, забележливи се огромниот број на разновидни светлечки реклами, клима уреди, тенди и настрешници, кои се без никаков ред облик боја и го нарушуват општиот впечаток на историски град.
**Композицијата** на урбани форми од улични мрежи, архитектонски содржини, слободниот простор и природниот амбиент му даваат специфичен идентитет на Охрид кој има историска матрица на старото градско јадро со ситна урбана структура на домување која благо се преточува преку јавните содржини на чаршијата во новото урбано ткиво со прави и широки улици и колективни згради.

**1.Урбана текстура и елементи на партерната површина :**

**- партерна површина во целина**: стара обработка од крупни варовнички камени блокови во сивкасто- виолетови нијанси кој беше поставен во 60-тите години , е одстранет и заменет со гранитни плочи во сиви нијанси.

-Локации: голем дел од старите локации се со 100 % изграденост и не може да се дефинира точен процент на изграденост на локациите бидејќи објектите се збиени во континуиран низ од уличка до уличка.

- Фасадни елементи: Излозите како нај чест елемент на објектите долж чаршијата се менуваат со тек на времето од современ матерјал алуминиум или ПВЦ кои полесно се одржуваат но со тоа се губи автентичноста на старата чаршија. Огради се јавуваат на балкони во главно на објекти од еклектичен тип градени помеѓу двете светски војни, или метални кепенци на прозорчињата од старите камени магази.

**Скалници** пред влезови на дуќани поготово од западната страна на улицата (чаршијата) кои понекогаш и сметаат на слободниот проток. Јавните скали кои ја повртзуваат чаршијата со другите улици се обработени со гранитни плочи кои се лизгави во зимскиот период и треба да се порабат и стават ракохвати заради подобра пристапност и за лица со попреченост; Скалите кои што водат во влезот на објектот мораат да бидат во рамките на објектот, а не надвор од него на уличните простори

**- елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај:** има соодветни рампи на двата краја од чаршијата со регулиран режим на сообраќај за хитни потреби заради градежни интервенции, ПП Заштита, брза помош и полиција. И покрај мерките за регулиран сообраќај со поставување на рампи према старото градско јадро, се уште има нерешен јавен сообраќај кој би им го олеснал животот на граѓаните и посетителите на стариот град. Потребна е поголема примена на електричен јавен превоз, јавни велосипеди и други помали транспортни средства за дотур на роба, чистење и одвоз на комунален отпад и други услужни работи во старото јадро.

**-елементи за паркирање на велосипеди** –има на неколку пунктови и тоа кај плоштадот околу кружниот ток, кај скаличките на средина од чаршијата и на краевите кај „НАМА“, спојот на ул 7-ми Ноември со Туристичка и Гоце Делчев со Абаз Емин.

**2.Урбан мобилијар:**

**- Клупи за седење:** концентрацијата на клупи е во паркот пред плоштадот Св Климент Охридски, помеѓу АМАМ и Летница и кај Чинарот на плоштадот Крушевска Република.

- **Корпи за отпадоци,** има но нивниот облик и начин на употреба не се во склад со современите потреби за сепарација на отпад заради рециклирање

**Чешми на отворено:** има кај Чинарот и потребно е поставување јавни чешми на повеке места со јасна пропагандна порака да се користи водата од чешма за пијање и помалце употреба на пластична амбалажа за вода која е најголем загадувач на околината во светот.

**-Елементи за осветлување :** Поради големата густина на изграденост јавното осветлување долж чаршијата се остварува со висечки канделабрии на самите објекти. Слободно стоечки улични светилки (канделабри) има на краците од Чинарот према ул 7-ми Ноември и ул Гоце Делчев. Тој пример треба да се следи и на главната чаршија со централно поставени канделабрии, клупи и корпи а фасадите да се ослободат од реклами, клима уреди, сателитски антени , тенди и слично.

**-Елементи за информирање, огласување и рекламирање:**

- **точка на од Плоштад Св Климент Охридски до Чинар,** постои огромна концентрација на вакви елементи за информирање од мали туристички понуди кои се расфрлани неорганизирани и несоодветни кои кулминираат со огромниот електронски билборд кој го нарушува амбиентот на Плоштадот. Спротивно на тоа фалат повеке информации за спомениците на културата и патокази на движење до нив.

Тендите исто така се еден најчест визуелен елемент кои можат или да го нарушат или да го зголемат амбиенталниот дух на просторот.

**<u>Оценка</u>:** Разновидноста на овие елементи делуваат хаотично неуредно вознемирувачки

**<u>Препорака</u>:** Усогласување на тендите и елементите за информирање, да се отстранат многубројните светлечки реклами и да се користат по соодветни во рамките на излогот и прозорските отвори а фасадите да се прочистат од непотребни додатни рекламни елементи или клима уреди и антени според **Проект за уредување на предметниот дел на јадрото** базиран на Правилник за унификација на УО кој ќе произлезе од оваа студија и дефиниран Каталог базиран на истиот Правилник.

**-Утилитарни објекти и опрема - тераси со и без настрешници, маси и столови**

**-** Терасите со угостителски масички заземаат голем простор од плоштадот па дури и претставуваат „тесно грло“ во делот на почетокот од ул Цар Самоил каде истите претставуваат препрека за минувашите. Капелата и детската играчница во комплексот „Летница“ се импровизирани и неуредни.

**Оценка:** многу лошо –позицијата е без почит кон минувачите; зафаќајќи доминантна положба на јавниот простор со историско знзчење и го нарушува општиот впечаток за историски простор.

**Препорака:** намалување на просторот доделен на угостителските објекти до мера на слободен проток во летниот период, да се потенцира добар пример на вклопеност во амбиентот и да се употреби како добра градежна, обликовна и декоративна матрица со користење на повеќе цветни аранѓмани и т.н. Тендите треба да се ослободени од рекламни натписи и да се унифицирани по боја (пр. бордо); конзолните тенди на околните објекти да се средат според идниот Правилник за УО на овој дел од заштитеното јадро. Да се стимулира занаетчиството, етно ресторагите, винариите и етно апартмани и други туристички понуди со субвенционирање од страна на општината, кои го пропагираат автентичниот стил на живеење, култура и обичаи на овие простори, особено на сопственици на стари објекти кои ќе се задржат да живеат и работаат во старото градско јадро кое постепено одумира поради раселување и продажба на други побогати викенд сопственици. Да се врати автентичниот фасаден изглед на оние објекти кои го изгубиле, а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед. Да се запази постоечката градежна и регулациона линија на објектите во однос на чаршијата и оформените пешачки комуникации. Објектите кои се изградени исклучиво од камен со оформени лачни отвори од тула да го задржат оригиналниот фасаден изглед. Да се предвиди изградба на мала капела од цврста градба достојна за спомен на светото место на некогашната црква Св Димитрија. Летната тераса на Летница да се користи соодветно на намената а не како магацин на самопослугата Рамстор. Просторот помеѓу Летница и Амам да се уреди со трајно решение на пример Летна Сцена со сутерен во денивелацијата за јавни тоалети и летен бар.

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

**6. Сегмент „Чаршија“Плоштад Св Климент Охридски северна страна на улица Св.Климент Охридски**






Фотографија:(634): (панорама од 10 објекти) **КП 15469, 15468, 15449/3, (15467), 15449/2, 15449/1, 15446/1, 15446/2 , 15445, 15444, 15439**



Фотографија( 640) **КП 15469, 15468, 15449/3, 15449/2**



Фотографија(644)(панорама) Плоштад ,**КП 15449/1, 15446/1, 15446/2 , 15445, 15444, 15439**




Фотографија:(641) **КП 15446/2 , 15445, 15444**

**Спој на улица Цар Самоил и ул Св Климент Охридски со пресек на ул Петар Чаулев**








Фотографија: 636, 647(детал) **КП 15469**(Чикале)




Фотографија(635) **КП 15469(Чикале),15468,15467, 15449/3**




Фотографија (637**) КП15468, 15467, 15449/3**

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### <u>6.1. Сегмент долж западната страна на ул Св Климент Охридки до пресек со ул Аргир Маринчев</u>











Фотографии (638,646,648) **Парцела:15449/2, 15449/1**



Фотографија(640) **Парцела:15446/1, 15446/2, 15445, 15444, 15439**



Фотографија (641, 648)***Парцела:15445, 15446/2, 15446/1**




Фотографија:( 652)***Парцела:15445,15444**




Фотографија: (653)***Парцела:15444**




Фотографија: (642, 650, 651)***Парцела: 15439 (куќа на Ѓинековци и магаза на Савинови)**




Фотографија:(650), ***Парцела:15440 (магаза на Савинови)**




Фотографија:(654)* **Панорама од кај Летница кон чинар**




Фотографија:(656)***Парцела:15438**







Фотографија:(657, 658) ***Парцела:15440 и 15438(детал)**




Фотографија:660***Парцела:15437(Деребан и Каме)**










Фотографија:661, 662, 663, ***Парцела:154369(Алтинбаш)**




Фотографија (665) **КП15434, (Фрут бокс), КП 15400**








Фотографија:666,667,***Парцела:,15399 Битрак АДРИАНО 15398, семкарница**




Фотографија 670***Парцела:15396, (Фото рекс)15394/1**




Фотографија:671,672***Парцела:15394/1, 15294/2...Адорабела**



Фотографија 673, 674,676***Парцела:15388/2, 15388/1,**



Фотографијаноќна панорама.***Парцела:15381/2**




Фотографија: 680, 681(детал) ***Парцела:15389/1,15343(Арт галери)**




Фотографија: 683, 684(детал)***Парцела: 15343(Арт галери)**




Фотографија:687 ,7***Парцела: 15342 , 15341, 15340,**




Фотографија: 685,684***Парцела: 15342, 15341**



Фотографија :( 686) **Парцела:15340**




Фотографија:(689,690)* **Парцела: 15339(Енџелс) последна до скалите**



Фотографија(:688)* Улична панорама кај фолк фест.




Фотографија:( 692, 695)

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### 6.2. Сегмент од пресекот на улица Аргир Маринчев со ул Св Климент Охридски до плоштад „Чинар“



















Фотографија:( 693,696, 697, 698,699,717)***Парцела:15334**















Фотографија 701,702,703,705, 707, 718***Парцела:15333**







Фотографија: 704,706, 707, ***Парцела: 15292**







Фотографија: 085658 ***Парцела: 15290/2,15290/1**








Фотографија: (709,710,711) **Парцела:15288/1**







Фотографија: 712, 713, ***Парцела:15288/1**









Фотографија: 719,721,734***Парцела:15285, 15273**




Фотографија: 722,723,***Парцела:15273**













Фотографија: 725,726, 727,733,735, 737, ***Парцела:15272/1, 15271**






Фотографија: 738*Парцела:Улична панорама кај скалите према езеро









Фотографија:740, 741, 742,*Парцела:15222(нов објект- поранешен Отекс)
















Фотографија: 743, 745, 746, 749, 747, 748, 750,***Парцела: 15221, 15220, 15207**






Фотографија:751*Парцела: Улична панорама кон Летница









Фотографија:753, 754, 755, 756,***Парцела: 15202, 15206, (магаза)**





Фотографија:757, 758, 4***Парцела: 15205**




Фотографија-753 759 763 765***Парцела:од 15206 (Шила)** - **15168/1** (бисери Филип и Модатекс).




Фотографија:762,771,772,761 (детал),***Парцела:15167**(нов обј- поранешна Нова Македонија)











Фотографија: 770, 775,769, ***Парцела:15156(поранешно Радио Охрид)**




VIVAX













Фотографија: 773, 774,777, 778, 781, 782,784 ***Парцела:15121 поранешен млечен ресторан (нов обј. Спорт реалити затворена терасата)**

## 6.3. Плоштад Чинар (Крушевска Република)

### Урбани,архитектонски и вредности историски на просторот

Плоштадот од локациски аспект е од исклучителна важност од повеќе аспекти приоритетно заради неговата позиција во однос на урбаната средина но и од сообраќаен аспект бидејќи иако до плоштадот се пристапува исклучиво преку пешачки сообраќајници значајно е да се напомене неговата позиција од колско сообраќајен аспект. Се наоѓа непосредно до пресекот на булевар Туристича (кој е основна дистрибутивна мрежа во поширокото централно градско подрачје) и улица Македонски Просветители која е главна сообраќајница која води до центарот и плоштадот на град Охрид. Пешачкиот сообраќај е од посебна важност од причини што ги поврзува и дистрибуира најважните пешачки правци во поширокото централно градско подрачје. Плоштадот преставува една логична целина која ги поврзува пред се Градскиот плоштад Св. Климент Охридски преку Охридската чаршија со Старата Охридска чаршија (пешачката улица Гоце Делчев). Не помалку значајни се и постојните пешачки пристапи до плоштадот од булеварот Туристичка и улица Македонски Просвртители.

Самиот плоштад, припаѓа на заштитеното подрачје на стариот дел на град Охрид које е заштитено како културно наследство од особено значење, согласно Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење („Сл. Весник на Р.М. бр. 47/2011 како и измени и дополнувањата на законот Сл. Весник на Р. Македонија, бр 154 од 04.09.2015 година), и во границите на заштитеното добро кое во 1980 година е ставено во списокот на УНЕСКО, како светско природно и културно наследство. Се наоѓа на периферијата на заштитената целина познат дел од градот Охрид по дрвото „чинар“ и по градското пазариште. Се простира на равничарскиот дел на карстосница на неколку главни патни правци опкружен со објекти од профана архитектура со деловни содржини познати како магази и исламскиот религиозен комплекс, кој е прогласен за Споменик на културата, со Решение бр. 07- 46/1 од 22.03.1968 година. Во просторот постои низ на локали кои интегрално оформуваат улична фасада, со висина П+1, но не се со станбени содржини. Во позадина на зачетокот на брдото се наоѓа уште еден христијански сакрален комплекс кој ја надополнува панорамата а тоа е Црквата Св Богородица Каменско.

Комплексот Чинар е логичен завршеток на Чаршијата но поради опфатот на просторот, како заштитено подрачје помеѓу двете улици, ул. „Гоце Делчев“ и ул. „7-ми Ноември“ и Охридското пазариште, е третиран како посебна амбиентална комуникациска целина, према двата града со кои Охрид тргувал, Струга и Ресен – Битола. Ја поврзува Чаршијата со равничарскиот дел, како аголен Комплекс кон североисток и северозапад, односно Охридското поле. Просторот, некогашен сточен пазар, е посебно атрактивен под столетното дрво Чинар. Со својата поволна местоположба, заштитен од езерските ветрови, секогаш имал богати содржини.

Станбената архитектура, која ги следела стиловите на епохата ја граделе непознати градителски тајфи. Карактеристично за просторот е тоа да објектите се со поскромни димензии и градени во бондрук, денес сите ревитализирани и типолошки обновени. Тука е веке споменатиот исламскиот религиозен комплекс Зејнел Абедин Паша, чиј основач е Пир Мехмед Хајат.

На просторот егзистираат и објекти со неокласични карактеристики изградени пред 1945 година, помеѓу двете светски војни. Посебен урбан белег дава објектот од некогашната Стоковна куќа „НАМА“ чиј автор е архитектот Најденов, изградена 60-тите години.

Не се познати авторите на поединечни објекти, за кој и не постои снимена или фотодокументација за изгубената целина на занаетчиските низови на објекти.

Како заштитен простор од неповолните езерски ветрови, околу стариот охридски Чинар, некогашен пазарен, угостителски и занаетчиски центар се одвивал целокупниот јавен живот во градот преку целата година.

**Квалитетот на визуелниот и културно историски идентитет на плоштадот Чинар**

Нарушен е со несоодветна урбана опрема која е застарена, оштетена, неатрактивна и тезги, кои го нарушуваат амбиентот. Илуминацијата на просторот е недоволна и несоодветна со голем број современи дуќани декорирани со светлечки реклами, клима уреди, тенди и слично, кои не го израуваат историскиот дух на Охрид. Сето она што едно човечко око може да го забележи во својот видокруг како **Пејсаж** на овој простор се испреплетени во овој плоштад од урбанистичко – архитектонски аспект преку разновидноста на стрите и новите градби и социо – економски аспект преку профаната и сакрална архитектура со деловни, станбени и верски содржини, искомбинирани во една исклучителна композиција на природното и културното наследство на овој потег.

**Состојба и девастации на архитектурата**

-**Локации:** најчесто објектите се со 100 % изграденост без дворни места и тоа со деловни содржини со помал процент на станбени содржини. Од тоа правило отстапува Халвети текето во исламскиот религиозен комплекс Зејнел Абедин Паша каде има поголема слободна површина околу турбето.

- **Фасадни елементи:** Излозите и тука доминираат со нај различни облици и големини. Останати се дел од Магазите оод кои најатрактивна е Магазата на Џело која се наога на парцела 14897. Стоковната куќа НАМА отскокнува со модерниот изглед а тука се и еклектичниот тип на градби во низот кои почнуваат со ресторанот „Чинар“.

**Девастации на јавниот простор ‘Крушевска република‘**

***1.Урбана текстура*** ***и елементи на партерната површина*** :

**- партерна површина во целина**: постојната обработка е разновидна и се движи од бехатон коцки околу чешмата кај чинарот со нај различни големини и форми *(што е во спротивност со „законот за Охрид“)*до гранитни коцки и плочи околу фонтаната (која е вон функција подолг период) и околу периферните делови на плоштадот, поставени во различни периоди.

**-Скалници и огради.** Огради се јавуваат на балкони во главно на објекти од еклектичен тип градени помеѓу двете светски војни, или метални кепенци на прозорчињата од старите камени магази. Степеници пред влезови на дуќани како пристап од страна на улицата кои најчесто сметаат на слободниот проток. Скалите кои што водат во влезот на објектот мораат да бидат во рамките на објектот, а не надвор од него на уличните простори

**-Елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај:** Делот на плоштадот и околу него е пешачка зона но со соодветен регулиран режим на сообраќај со голем паркин простор пред стоковната куќа НАМА.

**-Елементи за паркирање на велосипеди**–има на неколку пунктови и тоа кај „НАМА“, спојот на ул 7-ми Ноември со Туристичка и Гоце Делчев со Абаз Емин.

***<u>Оценка</u>:*** Разновидноста на обработката на партерот и елементите на фасада, делуваат хаотично неуредно и вознемирувачки

***<u>Препорака</u>:*** *да се заменат постојните павер елементи со нови прикладни гранитни плочи кои ќе бидат поставени во фокусот односно во центарот на плоштадот со атрактивни и ненаметливи туристички содржини како што се гравирани мапата од стариот град Охрид. Просторот околу стариот Чинар да се нагласи и оживее со санација на парапетниот ѕид околу чинарот како и одстранување на постојна чешма која е дел од истиот и поставување на нова поатрактивна чешма која според материјалот и формата ќе се вклопи во просторот. Постојната фонтана да биде заменета со површинска фонтана*

***<u>2.Урбан мобилијар</u>:***

**- Клупи за седење:** нема многу јавни клупи за седење а тие се концентрирани околу Чинарот и по средината на ул 7-ми Ноември но се застарени и неугледни.

- **Корпи за отпадоци,** има но нивниот облик и начин на употреба не се во склад со современите потреби за сепарација на отпад заради рециклирање

**-Чешми на отворено:** нај познатата чешма е околу Чинарот и потребно е поставување јавни чешми на повеке места со јасна порака дека водата од чешма е за пиеање.

**-Елементи за осветлување:** јавното осветлување околу плоштадот Чинар е комбинирано со високи столбни рефлектори и ниски стилски канделабрии долж краците на ул 7-ми Ноември и ул Гоце Делчев.

**-Елементи за информирање, огласување и рекламирање:**

На плоштадот Чинар, постои огромна концентрација на вакви елементи за информирање од мали туристички понуди реклама на разни производи и улични продавачи, кои се расфрлани, неорганизирани и несоодветни. Тука е и

„контејнерот“ како сувенирница или културно информативен центар кој несреќно е уфрлен пред НАМА.

**Тенди и настрешници** од сите врсти облици големини и бои врештат со својата анархичност како најчест визуелен елемент кои го нарушуваат амбиенталниот дух на просторот.

***Оценка:*** Разновидноста на овие елементи делуваат хаотично неуредно вознемирувачки

***Препорака:*** *Усогласување на тендите и елементите за информирање, да се отстранат многубројните светлечки реклами и да се користат по соодветни во рамките на излогот и прозорските отвори а фасадите да се прочистат од непотребни додатни рекламни елементи или клима уреди и антени според* ***Проект за уредување на предметниот дел на јадрото*** *базиран на Правилник за унификација на Урбаната Опрема кој ќе произлезе од оваа студија и дефиниран Каталог базиран на истиот Правилник. Да се предвиди поставување на нови клупи, жардињери и канти за отпадоци поради нивната дотраеност. Поставување на нови Инфо табли и огласни табли по углед на други светски примери од историски центри или позитивни примери од околината.*

**-Утилитарни објекти и опрема - тераси со и без настрешници, маси и столови**

**-** Терасите со угостителски масички заземаат голем простор особено на крајот од кракот на ул Гоце Делчев до спојот со ул Абаз Емин кај вториот чинар, каде истите претставуваат препрека за минувачите

***Оценка :*** многу лошо –позицијата е без почит кон минувачите; зафаќајќи доминантна положба на јавниот простор со историско знзчење и го нарушува општиот впечаток за историски простор. Инфраструктурните ормарчиња од елкто или телекомуникациската мрежа најчесто се користат како рекламен медиум за плакати кои се искинати, оштетени и неуредни.

***Препорака :*** *За таа цел потребни е да се изготви соодветен план за уредување на просторот со јасен Правилник за унификација на Урбаната Опрема. Со истиот да се предвиди намалување на просторот доделен на угостителските објекти до мера на слободен проток во летниот период, да се потенцира добар пример на вклопеност во амбиентот и да се употреби како добра градежна, обликовна и декоративна матрица со користење на повеќе цветни аранжмани и тенди кои треба да се ослободени од рекламни натписи и да се унифицирани по боја. Да се стимулира занаетчиството, етно ресторантите, винариите и етно апартмани и други туристички понуди со субвенционирање од страна на општината, кои го пропагираат автентичниот стил на живеење, култура и обичаи на овие простори, особено на сопственици на стари објекти кои ќе се задржат да живеат и работаат во старото јадро кое постепено одумира поради раселување и продажба на*

*други побогати викенд сопственици. Да се врати автентичниот фасаден изглед на оние објекти кои го изгубиле, а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед во соработка со НУ Завод и Музеј Охрид и Министерството за култура. Да се запази постоечката градежна и регулациона линија на објектите во однос на чаршијата и оформените пешачки комуникации. Објектите кои се изградени исклучиво од камен со оформени лачни отвори од тула да го задржат со оригиналниот фасаден изглед. Инфраструктурните ормарчиња од елкто или телекомуникациската мрежа да се маскираат и обојат. Паркинг просторорот преку кој се пристапува до плоштадот од ул. Македонски Просветители да се одстрани и истиот да се преуреди и организира како пешачка зона збогатена со зеленило и урбана опрема. Да се изработи техничка (проектна) документација за конзервација, санација и адаптација на излози и натписи на дуќаните со архитектонски решенија за излози, натпис (хоризонтален или конзолен), натстрешници, ќепенци (метални ролетни или дрвени капаци), зеленило (висечки зеленила, жардињери пред влезните врати, декоративни зеленила и сл.)*

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

**<u>6.3. ПЛОШТАД ЧИНАР „КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА“</u>**








ВРЕМЕ Е ЗА ДАБ!








Фотографии: 785,786,787,788, 789,794

## 6.4. Улица 7-ми Ноември / кон Туристичка (лева и десна страна)

### Архитектонско урбанистички карактеристики и девастации на потегот

Од плоштадот „Чинар“ до спојот со булевар Туристичка по улицата 7-ми Ноември е потег решен како пешачка зона со голем дел деловни содржини почнувајќи со ресторанот „Чинар“ а завршувајќи од спротивната страна со стоковната куќа „НАМА“ Овој потег се карактеризира и по својата положба и обработка и содржина, како преод од старото градско јадро према новиот урбан Охрид.

-**Локациите** најчесто со 100 % изграденост без дворни места и со деловни содржини во приземје и станбени содржини на катовите.

- **Фасадни елементи** се карактеризираат со излози кои доминираат со нај различни облици и големини во приземје и типови на фасади од различен период од пред втората светска војна па модерни објекти кои кулминираат со кафе бар „Корнер“ и стоковната куќа НАМА.

### Состојба и девастации на јавниот простор

Улицата е во поново време уредена со соодветна урбана опрема, осветлување, клупи, канти за отпад инфо табли и друго. Има неколку недоуредени фасади на новите објекти како и повторно несоодветно рекламирање со светлечки реклами истакнати клима уреди на фасади, тенди во различни бои облици и големини на деловните објекти.

***1.Урбана текстура и елементи на партерната површина*** :

**- партерната површина** е обработена со разновидно поставени по облик и големина гранитни плочи долж целиот потег.

**-Скалници и огради.** Огради се јавуваат на балконити на станбените катови. Степеници пред влезови на дуќани како пристап од страна на улицата.

**-Елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај** се јавуваат на почетокот од спојот со бул Туристичка во вид на метални полукружни цевки.

**-Елементи за паркирање на велосипеди**–има на пункт на спојот на ул 7-ми Ноември со Туристичка.

***Оценка:*** Обработката на партерот и елементите на фасада изгледаат како не додефинирани а дел од фасадите сеуште се во фаза на карабини. Најголем проблем претставуваат несоодветно рекламирање и обележување на деловните објекти.

***Препорака***: *да се заменат постојните павер елементи со нови прикладни гранитни плочи кои ќе бидат и попристапни за лица со посебни потреби односно тактилни кои ќе бо сугерираат правецот на движење. Да се зголеми бројот на клупи.*

***2.Урбан мобилијар:***

**- Клупи за седење** се недоволни и несоодветни на потегот по средината на ул 7-ми Ноември до бул Туристичка.

- **Корпи за отпадоци,** има но нивниот облик и начин на употреба не се во склад со современите потреби за сепарација на отпад заради потребата од рециклирање

**-Чешми на отворено:** на овој потег нема постојна јавна чешма но е пожелно да ја има.

**-Елементи за осветлување:** јавното осветлување со ниски стилски канделабрии долж крацата 7-ми Ноември.

**-Елементи за информирање, огласување и рекламирање:**

Постојат јавни оглани паноа на почетокот на потегот и разни оглани табли пред деловните објекти.

**Тенди и настрешници** од сите врсти облици, големини и бои кои го нарушуваат амбиенталниот дух на просторот.

***Оценка:*** Разновидноста на овие елементи делуваат хаотично неуредно и вознемирувачки .

***Препорака***: *Усогласување на тендите и елементите за информирање, да се отстранат многубројните светлечки реклами и да се користат по соодветни во рамките на излогот и прозорските отвори а фасадите да се прочистат од непотребни додатни рекламни елементи или клима уреди и антени според* ***Проектот за уредување на предметниот дел на јадрото*** *базиран на Правилник за унификација на Урбаната Опрема кој ќе произлезе од оваа студија.*

***3.Утилитарни објекти и опрема - тераси со и без настрешници, маси и столови***

**-** На овој дел постои само ресторанот „Чинар“ кој со своите масички и столови е орјентиран кон плоштадот и кафе барот „Корнер“ кој е свртен према булевар Туристичка и улица Македонски Просветители.

**ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:**

## 6.4. Улица 7-ми Ноември / кон Туристичка(лева и десна страна)










Панорама:фотографија: 798,797,801









Фотографија:795, 796,798,799,***Парцела:14862/2, 14862/1**







Фотографија:800,803,***Парцела:14862/1**











Фотографија:802,805, 808, 809**, *Парцела:14858 ,14857(втор ред од страна на пазар)**






Фотографија: 811, 810,***Парцела:14806**







Фотографија: 813,814,***Парцела:14807**



Фотографија: 812, ***Парцела:14803**









Фотографија : 815,816, 817, *Парцела:14805



Фотографија 820*Парцела:14802



Фотографија 822,823,*Парцела:14801,14798/5



## Од пресек на 7-ми Ноември и бул Туристичка према езеро - Десна страна




Фотографија:841*Парцела:14861(стоковна -Вајкики)









Фотографија: 838, 840, 839*Парцела:14860






Фотографија 834, 835,2 *Парцела:14903,14860




Фотографија 833, 3*Парцела:14903/1





Фотографија:829, 8324*Парцела:14902









Фотографија 826,827, 8285*Парцела:14901(Шпаркасе)

## 6.5. Улица Гоце Делчев према Струга (Турска чаршија лева страна кон втор чинар)

## 6.6. Северна страна на улица „Гоце Делчев“ до плоштад Чинар

**Опис на локацијата:**

Од плоштадот „Чинар“ до т.н. „Втор Чинар“ постои пешачка зона од улицата Гоце Делчев кој преставува една логична целина поврзана преку плоштадот со Охридската чаршија од една страна и патниот правец кон Струга од друга страна.

**Постојна состојба:**

-Скоро е уредена со соодветна урбана опрема, осветлување, канти за отпад и слично. -Најголем проблем претставуваат несвоодветните фасади на јужната страна од потегот со нај разновидни и безлични декорации кои не припаѓаат на ова поднебје.
-Угостителските објекти – Ресторани кои се концентрирани на крајот од потегот према Струга, се со густо поставени масички и столови кои го попречуваат нормалното пешачко движење.

***1.Урбана текстура и елементи на партерната површина*** :

**- партерната површина** е обработена со разновидно поставени по облик и големина гранитни плочи долж целиот потег.

-**Локациите** најчесто со 100 % изграденост без дворни места видливи на потегот но со внатрешни дворови позади објектите. Со деловни содржини во приземје понекогаш и на кат  и станбени содржини на катовите.

- **Фасадни елементи** се карактеризираат со излози кои доминираат со нај различни облици и големини во приземје и типови на фасади од различен период кои почнуваат со урбаниот остров позади чинарот со камени магази па објекти од период помеѓу двете светски војни се до современи градби. Има и два сакрални комплекси едниот Халвети Зајнел Абедин Паша текето на едниот краај и Џамијата Хаџи Хамза на другиот крај.

-**Скалници и огради.** Огради се јавуваат на балконити на станбените катови. Степеници пред влезови на дуќани како пристап од страна на улицата.

-**Елементи за разграничување на колски и пешачки сообраќај** се јавуваат на почетокот од спојот со ул Абаз Емин во вид на метални стубчиња и денивелација на тротоар со рампа за велосипеди.

-**Елементи за паркирање на велосипеди**–има на пункт на спојот на ул Абаз Емин.

***Оценка:*** Обработката на партерот и елементите на фасади изгледаат како не додефинирани а дел од фасадите сеуште се во фаза на карабини. Дел од поново изградени објекти со своите фасади не се добро вклопени во контекст на околината. Најголем проблем претставуваат несоодветно рекламирање и обележување на деловните објекти. Има и неколку руинирани и напуштени објекти кои се опасни по минувачите заради нивно можно обрушување.

***Препорака***: *да се заменат постојните павер елементи со нови прикладни гранитни плочи кои ќе бидат и попристапни за лица со посебни потреби односно тактилни кои ќе го сугерираат правецот на движење и отстранување на визуелни и физички бариери. Да се санираат оштетени стари фасади а на новите да се превземат корективни мерки за нивно вклопување.*

***2.Урбан мобилијар:***

**- Клупи за седење:** нема многу јавни клупи за седење а тие се концентрирани околу Чинарот но има голем број на угостителски масички и столови на крајот од потегот према Струга.

- **Корпи за отпадоци,** има но нивниот облик и начин на употреба не се во склад со современите потреби за сепарација на отпад заради рециклирање

**-Чешми на отворено:** нај познатата чешма е околу Чинарот и потребно е поставување јавни чешми на повеке места со јасна порака дека водата од чешма е за пиеање.

**-Елементи за осветлување:** јавното осветлување е со ниски стилски канделабрии долж ул Гоце Делчев.

**-Елементи за информирање, огласување и рекламирање:**

Голема концентрација на вакви елементи за информирање од мали угостителски содржини, кои се расфрлани, неорганизирани и несоодветни.

**Тенди и настрешници** ги има од сите врсти облици, големини и бои кои го нарушуваат амбиенталниот дух на просторот.

***Оценка:*** Разновидноста на овие елементи делуваат неуредно и вознемирувачки

***Препорака***: *Усогласување на тендите и елементите за информирање, да се отстранат многубројните светлечки реклами и да се користат по соодветни во рамките на излогот и прозорските отвори а фасадите да се прочистат од непотребни додатни рекламни елементи или клима уреди и антени според* ***Проект за уредување на предметниот дел на јадрото*** *базиран на Правилник за унификација на Урбаната Опрема кој ќе произлезе од оваа студија. Да се предвиди поставување на нови клупи, жардињери и канти соодветни за рециклиран отпад.. Поставување на нови Инфо табли и огласни*

*табли по углед на други светски примери од историски центри или позитивни примери од околината.*

**-Утилитарни објекти и опрема - тераси со и без настрешници, маси и столови**

**-** Терасите со угостителски масички заземаат голем простор особено на крајот од кракот на ул Гоце Делчев до спојот со ул Абаз Емин кај второиот чинар, каде истите претставуваат препрека за минувачите

***Оценка :*** многу лоша позиција без почит кон минувачите; зафаќајќи доминантна положба на јавниот простор кои го нарушуваат општиот впечаток за историскиот простор. Инфраструктурните ормарчиња од елкто или телекомуникациската мрежа најчесто се користат како рекламен медиум за плакати кои се искинати, оштетени и неуредни.

***Препорака :*** *За таа цел потребни е да се изготви соодветен план за уредување на просторот со јасен Правилник за унификација на Урбаната Опрема. Со истиот да се предвиди намалување на просторот доделен на угостителските објекти до мера на слободен проток во летниот период, да се потенцира добар пример на вклопеност во амбиентот и да се употреби како добра градежна, обликовна и декоративна матрица со користење на повеќе цветни аранжмани и тенди кои треба да се ослободени од рекламни натписи и да се унифицирани по боја. Да се стимулира занаетчиството и други дејности и понуди кои кои го применуваат автентичниот стил на живеење, култура и обичаи на овие простори. Да се врати автентичниот фасаден изглед на оние објекти кои го изгубиле, а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед во соработка со НУ Завод и Музеј Охрид и Министерството за култура. Да се запази постоечката градежна и регулациона линија на објектите во однос на чаршијата и оформените пешачки комуникации. Инфраструктурните ормарчиња од елкто или телекомуникациската мрежа да се камуфлираат или соодветно декорираат и обојат.*

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### 6.5. Улица Гоце Делчев према Струга (Турска чаршијалева страна кон втор чинар и обратно)




***Улична фронтална панорама од плоштад:***



фотографија:842*Парцели:14893, 14892, 14891, 14890, 14887/4, 14868, 14867/1, 14865







Фотографија: 843, 844, *Парцела:14893, 14892,  14891, 14890







Фотографија:849,845,*Парцела:14890



Фотографија: 850,*Парцела: 14887/4, 14868




Фотографија: 853 *Парцела:14867/1 (магаза)




Фотографија: 846, 854*Парцела: 14868



Фотографија:115715, 115704последна во низ *Парцела:14865







Фотографија:856, 861, 862*Парцела:14864,14871




Фотографија: 863,*Парцела:14870




Фотографија: 864*Парцела: 14869




Улична панорама:фотографија : 865




Фотографија:866*Парцела: 14850




Фотографија: 867,*Парцела:14850,14849




Фотографија:868, 872*Парцела: 14849




Lale Tours
INFORMATION


Lale Tours
INFORMATION



Фотографија:869,871,876*Парцела: 14848,14847










Фотографија: 902, 903, 904,907 Парцела 14779

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### 6.6. Северна страна на старата чаршија до плоштад Чинар







Фотографија :915*Парцела: 14788 (Вкусно)



Фотографија:916 *Парцела: 14789/






Фотографија:917, 918, *Парцела: 14789/2





Фотографија:919,921 *Парцела:14821



Фотографија:923, *Парцела:14819,14820, 14822, 14815



Фотографија:924 *Парцела:14819/1





Фотографија:925,926*Парцела:14820,14822





Фотографија:927, 930 *Парцела:14815




Фотографија:934*Парцела:14843,14842(менувачница, продавница за ташни)







Фотографија:936,935, *Парцела:14844 (Адана донер кебап)



Фотографија:938*Парцела:14845(хеар кат)



Фотографија:939*Парцела:14852(Чевлар)







Фотографија:941,940*Парцела: 14854




Фотографија:942*Парцела:14863/2(мон кафе оаза)кај влезот  во турбе теке






Фотографија:115647, 115635 *Парцели: 14844, 14845, 14852, 14853, 14854







Фотографија:115606, 115615*Парцела: 14865, 14867/1, 14868 (позадина на урбан остров кај Чинар)



Фотографија:115409*Панорама на плоштад Чинар „Крушевска Република“

## *Улични панорами од кај турбе теке кон втор чинар*





Фотографија 941,943(плоштадот)





944,946, 949,950 (Чинар)





951, 954

## ФОТОГРАФСКО КАТАСТАРСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРИКАЗ НА ВИЗУЕЛНАТА ОПТЕРЕТЕНОСТ НА:

### 6.7.Плоштад Крушевска Република (Чинар) по чаршијата, насока према езерото - лева страна

**Текстот за поглавје 6.7. се наоѓа во поглавјето 6**






Фотографија:957,956, Парцела:14896(Румор)




Фотографија:112035Парцела:14897




Фотографија:DSC00958Парцела:14897 (магаза Џело)






Фотографија:961,960Парцела:15159




Фотографија:969Парцела:15160,15164,15165




Фотографија:965Парцела:15160,15164




20 14 31 9 22 18 29



Фотографија: 968, 967,971*Парцела:15165, 15166/1 (Казино)




Фотографија:970,Парцела:15208




Фотографија: 972,Парцела: 15209,15208,15166/1




Фотографија:974Парцела:15209




Фотографија:973Парцела: 15210, 15212







Фотографија:978,977Парцела:15211 (Икон)


sport M
sport M
sport M
CITYBOX
sport M


sport M
sport
sport




Фотографија:975, 976, 977Парцела:15216(Спорт)




Фотографија:979Парцела:15216, 15217, 15218/2







Фотографија:985,980, 6,7*Парцела:15218/2, 15217(Сити бокс и Конверз)









Фотографија:983,982,981,4,5*Парцела:15219, 15218/1(Катина и Зен зен)


BEBEGA


VIVAX
GREE




Фотографија:990,993,9843*Парцела:15276 (Бебега)




Фотографија:992*Парцела:15277,15275




Фотографија:9962*Парцела:15277 (Реина)






Фотографија:997,9941*Парцела:15275(менувачница)

## *Улични панорами кон казино и обратно, до скличките*




CITYBOX
CONVERSE


ICON
sport M


TAÇ






Фотографии: 986,985,973,966,963,962,







Фотографија:085640, DSC01000, Парцела: 15279, 15274 (магази околу скаличките)




Фотографија:085631, 085636, Парцела: 15335 (Трговски центар АМАМ)



Фотографија:121048, 121052Парцела: 15390 (слободна јавена површина)




EXCHANGE OFFICE
COCKTAILS






Фотографија:121107, DSC01053, DSC01076 , DSC01075Парцела: 15441/2, 15441/1 15441/3 Комплекс „Летница“





Фотографија:DSC01072, DSC00640, Парцела: 15474/1, 15474/2, (капела Св Димитрија) 15389/1 (Плоштад)

# Д. СИНТЕЗНА ПРОЦЕНКА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

## Д. СИНТЕЗНА ПРОЦЕНКА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

Врз основа на резултатите од истражувањата направени во овој ***Елаборат*** - се донесуваат следните заклучоци:

1. Визуелно согледливите вредности на **традиционалниот идентитет** на амбиентот и **сигурноста за негово идно сочувување (**во предметниот просторен сегмент) се нарушени до степен на загрозеност

2. Визуелната вредносна димензија на идентитетот на потегот е нарушена со различен интензитет долж потегот и е резултат од секундарно настанати девастации:

**а)** ***на атхитектурата***

***б) јавниот простор***

Девастациите и визуелните реперкусии од нив главно се манифестираат преку елементите на урбаната енергетска,комунална,телекомуникациска,информатичка опрема,која во најголем процент е врзана за архитектурата и со тоа ја девастира нејзината вредност. Произлегуваат и од несоодветна ,дури и стихијна примена на урбана опрема (табли за огласување и реклами; од недостаток на урбан мобилијар; од лош избор на тенди,маси столици за отворените тераси; од неретко лоши и естетски несоодветни за контекстот куќни огради и порти кои се на уличниот фронт, со што активно учествуваат во визуелниот квалитет на јавниот простор; неуредно амбиентално осветлување; ементи за разграничување на сообраќај ;од несреденост на комуналната инфраструктура ; естетски лошо поставување електрични ормани вдолж улиците, други инсталациски уреди и т.н.

На другата страна стојат девастациите на самата архитектура од градежни интервенции и адаптации,покрај погоре наведените, а се во голема мера спротивни на законските одредби.

**а) Девастации од архитектонски интервенции** и тоа во зона на крововите, на фасадите и нивната текстура,адаптации на приземните зони заради комерцијални причини и т.н кај постојните автентични или обновувани објекти

-Кровна силуета -карактеристичната традиционална хоризонтална линија на протегање на кровни слемиња и стреи долж ул.Самоилова , К.Абраш и почетокот на плоштадот Климент Охридски, во голем степен е нарушена, а на поедини позиции и комплетно изгубена како резултат на подигнување на поткровја со тераси во нив , енергетски инсталации и рекламни паноа(види подолу);

-појави на неприфаливо покривање на таквите поткровни тераси со перголи од поликарбонати или тенди во интензивни бои поставени на метални потконструкции;

- архитектонски неускладени индивидуални адаптации и интервенции на фасадите особено во приземјата на објектите во предметниот потег,а местимично и во дворниот простор пред нив(јавен? и приватен),главно за комерцијални пренамени( ул.Самоилова и К.Абраш )

-приземни настрешници –изведувани како објекти од траен карактер (не сезонски),од различни материјали,врз солидна конструкција(метални,дрвени..) и трајни покриви(ќерамида,пластифицирани лимови и сл.) без напор за амбиентално поврзување во естетско визуелна насока во рамките на потегот;

-трајни настрешници,чадори во комбинација со тенди во разни бои и рекламни испиви

-различни видови визуелни архитектонски `*паравани*`,изведувани од различни материјали(дрвени огради со столбови,зеленило,високи зид-паравани од дрво..)особено на езерскиот потег од Табана

-изградба на сосема нови и модерно обликувани архитектонски објекти во потегот на Чаршијата,мошне волуминозни, кои во естетско виузелна смисла претставуваат туѓи тела во сеуште зачуваниот традиционален амбиент и атмосфера;

- Нема многу остатоци на архитектурата на дуќаните од 17 – 18 век, кои ги гледаме на старите фотографии од почетокот на XX век.

- Нови објекти кои се со функција на локали и домување на катот, со различна архитектонска и матерјална вредност, а чести се и промените кои настануваат на објектите поради промена на функцијата.

-неуреденост на поедини делови на јавниот простор(Сараиште плажа...,на просторот пред влез во Долна Порта и т.н)

-несоодветна уреденост на поедини јавни простори(плоштад пред Св.Софија....

-на одредени позиции постојат неуредени и запуштени објекти или дворни фронтови(кои учествуваат во изгледот на уличните фасади) со што се нарушува изгледот на јадрото како целина




*-мапа со анализа на критични места (се однесува на целото заштитено старо градско јадро на Охрид)*

## б) Девастации во јавниот простор

### ***<u>1. елементи на партерната улична површина</u>***

***<u>*Улична текстура</u>***

-Партерно поплочување: разновидност на употребените материјали(камен во вид на калдрма,камени плочи режани во правилна форма,бекатон,бетонирани површини:

- долж улиците Самоилова и К.Абраш воглавно е сочувана стара обработка во камени плочи и гранитни коцки,меѓутоа местимично видливи се неуредни интервенции како со гранитни коцки,така и со бетон,павер коцка ;

-Партерната површина на Охридската Чаршија е со понова обработка од полирани камени плочи кои треба да се елиминираат(согласно Законска регулатива)

-Плоштадот `Крушевска република`, и двете чаршиски улични продолженија до пресекот со бул.Туристичка и ул.Гоце Делчев се со павер кој ке се елиминира(согласно нов проект и Законот за Охрид кој забранува таков материјал.)

***Елементи за разграничување на јавните површини***

***- Огради***-заради поставеноста на одредени куќи повлечено на дворната парцела и уличниот фронт (главно на ул.Самоилова ,наспроти црквата Геракомија,па и подолу кон плоштад Св.Климент Охридски) ,приватните огради од дворовите на границата на јавниот уличен простор претставуваат дел од уличната визуелна материјализација и урбана опрема.

-Основна карактеристика на овој ограден елемент (приватна должност и активност на сопствениците) со мали исклучоци манифестира недостаток на концептуална тенденција за естетска равнотежа и непостоење на поврзувачки елементи кои би и дале идентитет на улицата (тие се често во долниот дел зидани и малтерисани ,а во горниот се од железни профили со немоќни мотиви во естетска смисла и секаде различни.Како такви тие се концептуално несоодветни за традиционалниот амбиент на оваа средновековна улица).

-За одбележување се лоши врски помеѓу поединечните индивидуални огради,големи оштетувања,запуштеност, одронувања и сл.што резултира во додатна естетска неуредност на потегот од улицата.(особено по Ул.Самоилова)

Варијантите на огради се следни:

-добар модел тесно поврзан со автохтоните типови на огради се оние зидани во камен (техника на сувозид,или до влечена фуга)со завршница со ќерамида(црковните огради кај црквата Геракомија,кај Болничките цркви) или со завршница со жардениери полни со цвеќе или зеленило кои на најдобар начин се поврзуваат со камените приземја на куќите подигнати на уличната граница . Нажалост често овие типви оградни зидови се со неуредна зидарија,понекаде дури и со бетонски завршници ;

-комбинирани огради во камен дополнети со метални профили со едноставен или декоративен растер кој во иднина ке треба да се регулира со каталошки избор (како и целата урбана опрема во овој сегмент од јадрото)

- комбинирани огради –полн малтерисан парапет дополнет висински со зидани малтерисани столбови помеѓу кои е поставувана железна ограда во растер

-бетонски огради(полни зидови со одмерена височина)

***Елементи за разграничување на сообраќај во партерот-***

-во примена се *бетонски топки,метални столбчиња*(импровизирани)

-*Скалници* за влез во објектите со угостителска и друг вид намена навлегуваат во просторот на улицата;притоа изведувани се во различни материјали(камен,метал,дрво,керамички плочки и сл),

*жардениери* и саксии по сопствен избор на сопствениците во однос на материјал, форма,боја со или без зеленило поставнувани како грничници за движење

*саксии*: крупно саксиско зеленило засадено во големи пластични саксии наредено во серии со цел создавање на огради за ограничување на визури и сообраќајот.(Табана,Сараиште..)

*Улични скали* **:** се појавуваат на повеќе позиции каде се решавани поголеми денивелации во теренот на комуникациски позиции;изведени се на добар традиционален начин со камени гранитни коцки или плочи;местимично има изведба и во павер(бекатон)коцки и истите треба да се заменат со камен

***Девастации од урбана опрема-информативни и рекламни огласувања***

-Голема концентрација на огласни табли,реклами ,светлечки реклами,бои

-не постои одмерен и соодветно на културно историскато значење на СГЈ, визуелен изглед на рекламите и таблите за огласување(избор на материјали за таблите и рекламите,големина,форма,позиција ,боја..)

-Архитектурата на одредени објекти не е видлива од рекламни и огласни табли и друг вид помошни средства за огласување(особено во Чаршијата)

-Таблите за огласување се во различни форми, поставувани на различни начини(вертикално,хоризонтално,конзолно,удвојувани или мултиплицирани и т.н.),

-латинично испишување,странски имиња на називи на фирмите,локалите,робата што се нуди ,

-употреба на јазик во огласувањата и рекламите:македонски јазик најчесто нема; доминира ангисклиски јазик

***Инфраструктурно комунални , енергетски и телеконуникациски визуелни девастации***

-канализационата инфраструктура потребно е да се унапреди бидејќи сеуште се во употреба септички јами.

-урбаната опрема за собирање на отпад денес не е со препознатливи позиции,препознатлив концепт и генерално не е уредна,

**-** капаци за шахти-неуредно и без систем се поставувани во партерот(по форма се разликуваат од кружни до квадратни)

-Огромна концентрација на сателитски антени врз крововите на објектите,разводни кутии и кабли по фасадите

-кабли се водат и по воздух од една на друга страна на улиците (бандери сеуште има)

-Поставување на соларни панели и бојлери фиксирани на метални подигнати конструкции врз крововите,

-неуредно фасадно водење олуци за одвод на атмосферска вода од крововите која понатаму директно истекува по улиците

-оџаци од типот на метални цеви без концепт за визуелните реперкусии се водат по бочните или фронтални фасади и врз крововите (за потребите на ресторанite )

- еркондишни и нивни одводни црева се водат без систем врз фасади,

- Електричните ормари се поставувани како слободно стоечки тела во уличниот партер;

- Врз фасадите се прикачувани разни видови телекомуникациски и др.инсталациски кутии ,со цевководни доводи и одводи

-Пластични контејнери за отпад се појавуваат на непримерни места,

***Урбан мобилијар***

-не постои прикладно осветлување на потегот. – *уличните светилки(слободно стоечки канделабри или конзолни) со мотив на охридска куќа* не го задоволуваат потребниот интензитет на светлина во овој простор со највисоки културно историски вредности;нема видлив концепт во нивно поставување и во ефектите кои произлегуваат од функционален и естетски аспект;

-Светилките кои се во употреба долж потезите на чаршијата се разнородни и потребно е во иднина да се унифицираат како би се постигнала просторно естетска препознатливост на заштитеното јадро

-Илуминациите се сведени само на неколку позиции кои сепак допринесуваат кон нагласување на идентитетот на амбиентот (потребно е дополнување)

- користењето на несоодветни дизајни на маси и столици ,тенди со испишани реклами за пијалоци и др.,притоа во најразлични бои создаваат лоши визуали кои не му доликуваат на јадрото

-*Корпи за отпадоци* се разнородни и слободно поставени во потезот на чаршијата; за амбиентот несоодветни во дизајнот и материјалот;не постои видлив концепт во распоредот

- Клупи за седење: концентрацијата на клупи е во паркот пред плоштадот Св Климент Охридски, помеѓу АМАМ и Летница и кај Чинарот на плоштадот

Крушевска Република. Во иднина истите ќе треба да се усогласат со останатата унифицирана урбана опрема во заштитеното јадро

- Корпи за отпадоци, има но нивниот облик и начин на употреба не се во склад со современите потреби за сепарација на отпад заради рециклирање

- Чешми на отворено: има кај Чинарот и потребно е поставување јавни чешми на повеке места со јасна пропагандна порака да се користи водата од чешма за пиење и помалку употреба на пластична амбалажа за вода која е најголем загадувач на околината во светот.

-Елементи за осветлување : Поради големата густина на изграденост јавното осветлување долж чаршијата се остварува со висечки канделабри и со конзолни светилки поставени на самите објекти. Слободно стоечки улични светилки (канделабри) има на краците од Чинарот према ул 7-ми Ноември и ул Гоце Делчев. Тој пример треба да се следи и на главната чаршија со централно поставени канделабрии, клупи и корпи а фасадите да се ослободат од реклами, клима уреди, сателитски антени , тенди и слично.

-Елементи за информирање, огласување и рекламирање на потегот од Плоштад Св Климент Охридски до Чинар, постои огромна концентрација на вакви елементи за информирање од мали туристички понуди кои се расфрлани неорганизирани  и несоодветни кои кулминираат со огромниот електронски билборд кој го нарушува амбиентот на Плоштадот. Спротивно на тоа фалат повеке информации за спомениците на културата и патокази на движење до нив.

Тендите исто така се еден најчест визуелен елемент кои можат или да го нарушат или да го зголемат амбиенталниот дух на просторот.

## Ѓ. ПРЕДЛОГ МЕРКИ И ИДНИ ПРОЕКТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

Со цел да се постигнат вистински резултати во насока на враќање односно унапредување на амбиенталните вредности на дел од СГЈ неопходен е синхронизиран и мултидисциплинарен проектен и изведувачки пристап.
Тој е единствен пат за системско , економично и трајно решавање на состојбите преку процес на вкрстена мултиресорска и секторска реализација во етапи (според акциски планирана динамика) на следни нивоа :
- уредување и опремање со соодветна на културно историската вредност,урбана опрема и урбан мобилијар на јавниот простор и архитектонските сегменти кои се во видно поле на јавниот простор
- архитектонско, конзерваторско, реставраторско и санационо ниво за архитектонските сегменти на објектите кои се во видно поле на јавниот простор,

-ЕВН,комунално,енергетско ,телекомуникациско и
-друг вид на нивои

Во ваков мултидисциплинарен пристап учество ќе мора да земат релевантни национални и тела од локална самоуправа, стручни институции, имателите на објектите и граѓанскиот сектор(професионални здруженија – занаетчии,туристички,угостителски.. и сл)

**<u>Стратешка потреба 1.</u>**

**Воспоставување на визуелна кодификација,препознатливост и уреденост на јадрото со помош на јавната урбана опрема и уредување**

***<u>Предлог мерки и проекти за реализација</u>***

**<u>Проект Стардардизација и обликовна унификација на јвната опрема</u>** (урбана опрема и урбан мобилијар),нормирање на принципите за поставување

-Изработка на ***Проект за уредување на делот од јадрото со урбана опрема***(позиции,правила,принципи стандарди на поставување на фиксна и мобилна опрема-урбана опрема и урбан мобилијар)

-Изработка на ***Проект –Каталог за типолошки серии на опрема ,материјал за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на типолошките серии***

**<u>Стратешка потреба 2.</u>**
**<u>Конзервација, реставрација,санација и адаптација на архитектонските секвенци кои се во видно поле на јавниот простор</u>**

***Цел :***
*Унапредување на постојната состојба на архитектонска девастираност која има реперкусии на квалитетот на историската амбиентална вредност,*

***Предлог мерки и проекти за реализација***

-Изработка на ***Конзерваторско реставраторски проект за уредување на интегрални фасади, излози и сл., на Чаршијата со двата краци(кон бул.Туристичка и ул.Гоце Делчев***

-Изработка на ***Проект за уредување на интегрални фасади иизлози на отворениот јавен простор на потегот од плоштадот Св.Климент Охридски до Долна порта***

-Изработка на ***Проект за уредување на интегрални фасади на потегот кај Табана***
-***Реставраторски проекти за реобликување на дворни огради на потегот по ул.Самоилова и др.позиции според потреба***

- ***Проект за уредување на плажата Сараиште*** *(од Идеен до основен проект)*

-Изработка на ***Проекти за `камуфлажни` интервенции*** на запуштените куќи( фасадни, дворни површини и др.вид секвенци ) со естетски и економични прифатливи решенија

-Изготвување на ***Проект за доуредување на новоформираниот плоштад пред реконструираните средновековни градски бедеми кај Болнички*** (стара библиотека) со соодветна урбана опрема-сигналитика (панелен приказ на историатот на местото и археолошките истражувања кога е откриена нова кула од бедемскиот зид пред Болничките цркви)

-Реализацијата на проектите да се предвиди во новата 5 годишна програма во Планот за Интегрирана Заштита во соработка со Општина Охрид и НУ Завод и Музеј Охрид

**Стратешка потреба 3.**

**Унапредување на инфраструктурната основа**

**Цел:**

*Да се допринесе кон зголемување на квалитетот на живот на жителите,заштита од загадување на околината ,нејзина одржливост ,уреденост и современа опременост*

***Предлог мерки и проекти за реализација***

-Изготвување на ***Програма*** и ***Акциски план за унапредување на инфраструктурната основа во предметното подрачје***

-Потребни ***Евалуации*** кои ке треба накнадно да се изработаат(порачаат) од страна на *Јавните претпријатија и тоа од :*

*ЕВН, Водовод , Комуналец, Оператори за моб....интерн....*со проценка на:

а) што ќе мора да се замени, б) што ке се задржи со корекции и в) што ќе мора комплетно да се замени

-Постојат можности за примена на метод на **брза постапка:** Проценка и утврдување на помали комунални проблеми кои би се совладале со *брзи постапки* а кои видно ке допринесат за состојба на уреденост на јадрото

**Проекти за средување на комуналната инфраструктура**

***-Проект-анализа на постојната состојба на инфраструктурата***
***-Проект за нова инфраструктура (***која ќе ги задоволи целокупните современи потреби во јадрото и Чаршијата, а според утврдените режими за заштита и ревитализација)

**Средување на Енергетска инфаструктура**
-Генерална ***елиминација на слободностоечките струјни орманчиња*** од улиците и нивно вградување

***-Елиминација(преместување )на соларните и други инсталации од крововите;***
***-Елиминација на клима уредите од фасадита***
-Стручно советување при елиминација на постојните и при поставување на нови вентилациони и клима уреди на објектите со цел намалување на визуелна деградација на урбаниот идентитет и загадувањето

**Телекомуникациска инфраструктура**

- Изработка на ***План и проект*** за уредување и сместување и телекомуникациски инсталации во земја

-***Реализација на укопувањето*** преку зацртана динамика

-***спроведување на оптичка интернетска структура*** на овој дел од јадрото

**Осветлување**

-Јавното осветлување потребно е да се унапреди и `модернизира`(соларно...)на целото подрачје кое е предмет на овоај проект

Унапредување на амбиенталното осветлување преку целата година

**-**ширење на мрежата на јавно осветлување

-Модернизација на јавното осветлување со примена на паметни и енергетски ефикасни решенија и со минимизирање на светлосно `загадување`

**Уредување на партерните површини**

- Изготвување на ***Програма*** и ***Акциски план*** за санација ,уредување или преуредување на ***партерот*** во деградираните и запуштените пешачки и сообраќајни простори во овој дел од СГЈ, согласно постојната законска регулатива(мултисекторска) и предлозите од овој студија

-Изготвување на ***Проекти за санација*** и за уредување на деградираните и запуштени јавни пешачки и сообраќајни простори во овој дел од СГЈ,согласно гореспоменатата ***Програма и Акциски план***

***-Реализација на проектите***

-Поплочување на сите јавни површини со камен(гранитна коцка или...)

***-елиминација на сегментите поплочани со павер коцка***

---

**Стратешка потреба 4**

**Заштита на споменици на природата,зачувување на вредни амбиенти со карактеристична вегетација,хортикултурно унапредување со воведување на заштитени видови од охридскиот регион**

**Цел**

*додавање уште еден елемент на споменичка препознатливост на СГЈ*

-Изработка на ***хортикултурен проект*** односна стручно-експертска хортикултурна ***Проценка*** на постојната состојба со ***проектен предлог за:***

* примена на типови зимзелено зеленило (ползавици или друг вид вертикално зеленило) кои ке се развијат во вид на ***паравани*** како би се покриле уличните дворови кои се во грдежно запуштена или рушевна состојба заради специфични објективни или др.причини;

*за сочувување и правилно одржување на чемпресите во црквените дворови кои претставуваат трдиционано симболично означување на присуство на христијански верски објекти во јадрото(старохристијански симбол за вечност) и до денес претставуваат вертикални урбани акценти во карактеристичната хоризонтална диспозиција на јадрото

*Одредени видови чемпреси во охридскиот регион се заштитени со закон! Да се види дали таквите заштитени видови ги има во парцелите и дали истите може да се засадуваат во јадрото како препорачани за имателите ,

*за употреба на останати видови дрвја и билки(цветни , зимзелени..сезонски...)

-Континуирано одржување на зеленилото и дополна со урб.опрема на паркот пред Рибниот Ресторан ( Табли со сигналитика на истор.развој,на местото-пазар...промени..)..... бидејќи тука во минатото била точка на трговска активности и влезот во утврдениот град,денес заштитено јадро

**Стратешка потреба 5**

**Воспоставување на правна основа за субвенционирање на имателите на добра за замена на урбаната опрема според новите пропозиции**

**Цел**

*Олеснување и забрзување на процесот на реализација на стандардизирано и унифицирано уредување и опремање на јадрото и `чистење `од визуелните загадувачи*

# Е. ПРЕДЛОГ ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР НА ЗАШТИТЕНОТО ЈАДРО НА ОХРИД И НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ОРИЕНТИРАНИ КОН НЕГО

## 1. Законска релевантност за донесување на Правилник

Согласно важечките одредби од Законот за градење,*урбаната опрема* е дефинирана со серија функционални`објекти`како:опрема за продажба(храна,мини пазари,сувенири,сладолед,книги,уметнички слики,цвеќе..) ;Автобуски,комби постојки;УО во функција на туристички,културни и спортски настани (опрема за забави на отворено,за презентации,терени за фитнес);Тераси со и без настрешници(маси ,столови,);Платформи за манифестации;Шанкови;Фонтани,чешми,клупи и корпи за отпадоци,.....Рекламни и информативни паноа,Детски игралишта;Културни инфо центри,Информативни екрани на допир,Рампи и наплатни пунктови....и т.н.

Во согласност со горното општина Охрид донесува Годишна програма за поставување урбана опрема во општина Охрид во која покрај другото се дефинираат и условите за поставување на истата(непречење на пешачки сообраќај,да не претставува архитектонска бариера,дозволи и услови за тенди,забрани за застаклувања,затворања на покриените јавни простори и сл...)

Меѓутоа со донесувањето на *Законот прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење,Планот за интегрирана заштита на СГЈ,Заштитно конзерваторските услови за потребите на ДУП,Законот за управување со светското природно и културно наследсво во охридскот регион и др.релевантни закони,* наметната е потребата не само од усогласување на Годишната програма за поставување на УО со истите туку и дефинирање и усвојување на посебен **Правилник за уредување на јавниот простор на заштитеното јадро**.

Имено,со овие закони и пропратни документи се регулираат одредени услови и забрани при користење на *јавниот простор* заради трајна заштита како на недвижностите,така и на амбиенталниот високовреден историски амбиент кој го опфаќа јавниот простор.Притоа тие законски одредби се однесуваат и на начинот на `*користење` на архитектурата* како медиум и функција.

***Цитирани сегменти од наведените Закони и ЗКО:***

***Сообраќај***

*- не се дозволува паркирање непосредно до заштитените добра*
*- обработката на сообраќајниците(улици за моторен и пешачки сообраќај) да е од камени плочи или гранитни коцки*
*- не се дозволува примена на павер(бекатон)елементи,а на места каде веќе го има потребна е негова промена*
*- на местата каде што над улиците има повисок насип неопходно е де се изведат потпорни камени зидови*

***Урбана опрема***

*- Не се дозволува да се оштетува Старото градско јадро на Охрид, особено со несоодветно користење.*
*- Уличното осветлување се решава со адекватни и унифицирани канделабри (висечки и самостоечки)*
*- Корпите за отпадоци треба да се во согласност со предвидените канделабри*
*- Контејнери за отпадоци се неопходни и истите да се дискретни и по можност вградени*
*- јавните чешми се неопходни и истите треба да се дискретни и изведени од камен*
*- Локалите во овој простор не смеат да имаат рекламни тенди*
*- тенди може да има но истите да се во дискретни бои и димензии кои нема да отскокнуваат од фасадниот изглед на објектите*
*- да се поставаат унифицирани патокази кои водат до спомeничките добра*
*- рекламите да не се светлечки и да се изработени на дрво*
*- вклопување на натписи на фирми и други натписи, билборди, неонски и друг вид реклами, сообраќајни знаци, споменична сигналистика, осветлување, урбана опрема на отворените простори;*
*- фонтаната на малиот плоштад на пресекот на ул.Г.Делчев,ул.Св.климент Охридски и ул.7ми Ноември да се преуреди со бигорни камења за да не отскокнува во амбиентот*

***Инфраструктура***

*-Не се дозволува да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и слично;*
*- Електричните и телефонските инсталации да се подземни и скриени(ова посебно се однесува на орманите во кои се сместени централите)*
*- Водоводната и канализационата мрежа да се реши по сите прописи со оглед на тоа што многу од објектите не се врзани во канализациона мрежа и се служат со непрописни септички јами*
*- донесување и спроведување на мерки за противпожарна заштита со оглед на улиците со мали профили и густиот урбана агломерација*

***Времени објекти***

*- Не се дозволува изградба на гаражи како посебни објекти во состав на дворовите;веќе изведените гаражи надвор од габаритите на објектите се диви градби и истите треба да се отстранат*
*- да се задржат постојните висини и габарити на помошните објекти(летни кујни..)*

*- помошните објекти може да се од дрво,бондрук или зидани,но не смее да се метални*

***Кровови***

*- Постоечките поткровја со баџи кои претходно ги немале треба да бидат отстранети*

*- Задржување и изградба на објекти со покриви на повеќе води со блага косина (макс. $22^0$ до $24^0$), а за објектите кои се во низа покрив на две води со блага косина,*

*- Задолжителна употреба на ќерамида - каналица како материјал за покривање;*

*- сите објекти покриени со лим,салонит и сл.да направат промена на кровниот покривач*

***Фасадна обработка***

*- задржување на фасадата на приземјата и на високите приземја со обработен (полуобработен)камен, а лаковите на отворите од дуќаните во чаршијата да се обработени со тула (автентична обработка)*

*- катовите да се малтерисани ; не се дозволува на фасадата друга боја освен бела*

*- задржување на автентичната боја на објектите од периодот меѓу двете светски војни;*

*- задржување на хармоничниот ритам на поставување на дрвените прозорци со дрвени опшивки,(прозорците да се дрвени и со дрвени опшивки)*

*- да се задржат карактеристичните дрвени опшивки на фасадата, дрвените косници и карактеристично обработените симсови;*

*- враќање на автентичниот фасаден изглед на оние објекти кои го изгубиле , а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед;*

*- зачувување на амбиенталните објекти кои придонесуваат за вредностите и амбиенталната слика на целината во изворна состојба, особено на екстериерниот изглед на објектите со конзервација и санација, како и со факсимилсна обнова на карактеристичните фасадни изгледи кај објектите кои имаат големи оштетувања;*

*- враќање на изгубениот фонд на објекти на локации кои се слободни и за кои постојат стари урбанистички планови, остатоци од објектите или техничка и фотодокументација преку нивна реконструкција, или типолошка обнова;*

*- скалите кои што водат во влезот на објектот мораат да бидат во рамките на објектот,а не надвор од него на уличните простори*

*- Објектите со големи габарити фасадно да се обработаат со уситнување на фасадната зидна маса во карактеристични пропорции и мерки(ова се однесува на објектите во Чаршијата,кај Чинарот и др.позиции во јадрото;*

Од горното произлегува дека прашањата за ***урбаната опрема, заштитата и користењето на културното наследство*** на СГЈ на Охрид(архитектура и

просторен урбан амбиент) во конкретниот случај добиваат многу покомплексно значење бедејќи целите и потребите се повеќеслојни и комплексни.

Споредено со меѓународните и регионални искуства за вакви заштитени јадра, ***самиот опус на УО како категорија за уредување на јавниот простор,***е мултисекторски проширен притоа опфаќајќи и регулирајќи сегменти кои се однесуваат на архитектонска,комунална,електро,телекомуникациска и др.вид опрема која во голема мера влијае на оптеретување и деградирање на визурите на просторот доколку не се регулираат со правила за поставување.

Ова е од особена важност бидејќи горенаведената типологија на УО (според Законот за градба) исклучиво опфаќа категории на објекти кои претставуваат ***урбан мобилијар*** а не и категориите на ***урбана опрема*** која се однесува на партерното уредување(огради кај теренски денивелации,скалинади,елементи за пешачко разграничување на површините,елементи за третирање на стебла кај дрворедите(подни решетки,...) уредување со цвеќарници,.и тн)Исто така во таа категоризација не е опфатен урбаниот мобилијар кој се однесува на осветлувањето(канделабри,конзолни светилки, светилки за илуминации и сл.)

Во СГЈ и Чаршијата како заштитени подрачја се карактеристични многу од погоре споменатите елементи кои недостасуваат во актуелната типологијата според Законот за градење, а суштински претставуваат УО која го дефинира историскиот карактер на јавниот простор.Така, заради специфичниот брдовит терен(ул.Цар Самоил и К.Абраш се силно денивелирани) , денивелациите се решавани со потпорни зидови,скалинади, скалници,денивелирани платформи,проширени или нормални тротоари и слкои елементи се урбана опрема на јавниот простор.Од друга страна ,историски збиениот урбан концепт со објекти во низови кои дефинираат континуирани фасадни`кулиси`местимично се прекинати заради повлекување на куќите во дното на парцелата,а на уличната граница се појавуваат приватни дворни огради,кои активно учествуваат во естетиката на јавниот простор и амбиент,добивајќи значење и функција на урбана опрема.

Поради непостоење на посебен Правилник за ваков вид уредување и користење на заштитеното јадро и чаршијата усогласен со целокупната законска регулатива,како и заради препуштеноста на интервенциите да ги дефинираат самите сопственици, денешната состојба на предметното јадро кое е обработено во овој проект е мошне загрижувачка состојба.

Согласно со сето тоа неопходно е донесување на посебен *Правилник*

# 2. Предлог Правилник за уредување на јавниот простор на заштитеното јадро и на архитектонските елементи ориентирани кон него

## 2.1 ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со Законот за заштита на културното наследство се утврдени видовите, категориите, идентификацијата и начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита на културното наследство, режимот на заштиа и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот на културнити наследство во Република Македонија.

Според член 69 од Законот за заштита на културното наследство заради создавање на трајни економски и други опптествени услови за опстојување, оживување и фунционално користење на недвижното културно наследство, неговата заштита е една од основните цели на просторното и урбанистичкото планирање.

Во остварувањето на целите, зависно од видот и подрачјето на опфатот на плановите, се обезбедува:

1. Задолжително опфаќање и почитување на недвижните добра заштитени според одредбите на овој закон;
2. Разработка на режимот на заштита што е од значење за планирањето, уредувањето и користењетона : просторот, според соодветни заштитно-конзерваторски основи, што за овој случај се изработени од страна на НУ Завод и Музеј Охрид;
3. Процена на влијанијата врз заштитените добра што можат да се очекуваат со реализацијата на плановите;
4. Усогласување на јавниот интерес за заштита на културното наследство и за одржлив економски и социјален развој;
5. Измена на плановите, односно планските решенија што би имале потенцијално-несакани ефекти врз културното наследство;
6. Поттикнување на развојот и примената на традиционалните техники и материјални, неопходни за иднината на културното наследство и
7. Соработка меѓу органите и јавните служби надлежни за заштита на недвижното културно наследство и за просторното и урбанистичкото планирање, во сите фази на подготовките, изработката и постапката за донесување или изменување и дополнување на плановите.

Според член 70 од Законот за заштита на културното наследство со просторен и урбанистички план не можат да се променат заштитно-правниот статус и режимот на заштита, ниту пак границите на заштитеното добро и на неговата контактна зона, утврдени со актот за заштита.

За уредување на отворените површини пак се повикува согласно Годишната програма за поставување на урбана опрема во Опптина Охрид која е изработена во согласност со Законот за градење (“Службен весник на РМ” бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и 144/12)и Законот за градење (Службен весник на РМ бр.25/13) поточно член 80, 80-а и член 81 од наслов В Одобрение за градба, поднаслов 11, Времени објекти и урбана опрема, односно член 2, точка од наслов и Општи одредби.

Исто така и Изменувањето и дополнување на Годишна програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, изработена согласно наведените членови од важечкиот Закон за градење. Урбаната опрема се поставува на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот и пешаците, односно треба да се уреди на земјиште сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Опптина Охрид.

Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, исто така е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11/, 144/12 и 55/13, Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13), како и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11). Тое е потребно бидејќи просторот кој треба да се уреди припаѓаат на **Старото градско јадро на Охрид** кое претставува **споменичка целина**, и се третира како Прва категорија на објекти во законот за градење.

## 2.2 УРЕДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТНИОТ ДЕЛ ОД ЈАДРОТО

**Член 1**

1. Делот од ЗГЈ мора да биде уреден
   - Под уредување се подразбира уредување на објектите, дворовите, јавните површини и другите површини со кои управува Општина Охрид. Тоа подразбира:
   - Поставување и одржување на унифицирани плочи (табли) со име на улиците и бројот на објектите

- Уредување и одржување на надворешните делови од објектите
- Одржување на зелените површини
- Уредување и одржување на комуналните објекти,
- Уредување и одржување на јавната урбана опрема
- Уредување и одржување на партерните површини на улиците ,тротоари,улични скали,партерни денивелирани површини и платформи,урбани џепови
- Регулирање на употребата на урбан мобилијар за маси столици...тераси
- Одржување на чистотата на површините за јавна намена
- Собирање и транспорт на комуналниот отпад

2. За барањата врзани со чување и одржување на градителското наследство, потребно е да се побара мислење и согласност од овластените органи

## Плочи со име на улици, плоштади и објекти

**Член 2**

1. Плочите (таблите) со имиња на улиците, плоштадите и објектите ги утврдува надлежниот орган на градот
2. Големината и изгледот на плочите (таблите) за име на улиците, плоштадите и куќните броеви треба во дизајнот да се ускладени со останатата урбана опрема за јадрото и да се унифицирани
3. Дизајнот треба да е со заедничка одлука на локално ниво и на ниво на институција за заштита на наследството
4. Одржувањето го превзема одделението за комунални работи. Поставувањето, вадењето и менувањето на плочите за број на објектите, е исто така надлежност на комуналните служби

## Уредување на надворешните делови од објектите

**Член 3**

1. Надворешните делови од зградите и објектите од природно и културно наследство, мора да бидат одржувани
2. Имателот на објектот должен е да ги обнови сите работи кои се направени како последица од несовесно одржување, и да се врати автентичниот фасаден изглед.

Условите за обновување на надворешните делови од објектот, како и избор на боја, потребно е да се побараат од надлежните органи согласно законската регулатива

3. На надворешните делови од објектите гледани од јавните површини, континуирано треба да се негува сезонско цвеќе и други видови украсни и

трајни растенија со цел подигнување на квалитетот на визурите во амбиентот;

4. Жардењерите(балконски,прозорски) треба да се унифицирани(во неколку варијанти),направени од природни материјали во природни бои или колоритна имитација на природни материјали(керамика,дрво..);
5. Општината ,односно комуналното претпријатие Паркови и зеленило,на почеток,односно по завршеток на сезона да дава бесплатен расад за цвеќињаи и друг вид зеленило за балконските или прозорски жардењери, на имателите на објекти чии надворешни делови се експонирани кон јавните површини.
6. Жардењерите или саксии со цвеќе кои се надвор од габаритот на објектот мора да бидат поставени и осигурани така да се спречи паѓање и излевање на вода врз минувачите
7. На прозорите, вратите и балконите не се дозволува сушење или бесење на алишта, постелнина, крпи и други предмети кои ќе го нагрдуваат надворешниот изглед на објектот и квалитетот на уличната визура
8. Надворешниот дел од објектот може да биде осветлен врз база на решение на надлежниот орган и со претходно добиена согласност од надлежниот орган за културно наследство(да се провери како е регулирано кај општ.органи)
9. Доколку надворешните делови од објектот се нечисти и оштетени,или цвеќето и украсните растенија се држат така да ја девастираат визурата на јавниот простор, комуналниот инспектор ќе донесе решение за отстранување на недостатоците ;
10. Имателот на објектот кој заради дотраеност на надворешните делови претставува опасност за граѓаните, должен е веднаш да пристапи кон санација, за да се спречи јавната опасност.
11. Доколку се утврди јавна опасност а сопственикот или корисникот не пристапи во согласност со претходниот член, комуналниот инспектор ќе постапи согласно законот и прописите на овој Правилник и законот за заштита на културното наследство Надградби и доградби согласно законската регулатива не се дозволени

**Член 4**

1. На челната фасада од објектот може да се постави или изведе:
   - Ознака за улицата и куќниот број
   - Ознака на објектот – споменик на култура
   - Плочи со мемориско значење или порака
   - Излози

   Со одобрение на градската управа и органот за заштита на наследството може да се дозволи поставување на :

- Ознака на фирма или јавната установа (исклучиво во оквир на зидните отвори на вратата, излог, прозор)

- специјално осликување на надворешните делови од објектот или друг вид на презентација на исчезнати архитектонски елементи на фасадата, и сл.
- Надворешно осветлување

- Тенди и сонцебрани чадори
- Опрема за рекламирање став: може да се предвиди на фасада со матерјал од дрво или ковано железо со дискретна илуминација или во дел на зидни отвори како што е излогот

2. Со одобрение ќе се утврди намената, начин, димензија и место на поставување, на предметната урбана опрема,обврски, рок и начин на отстранување како и обврска за враќање во првобитна состојба
3. На фасадите кои се експонирани кон јавниот простор и се наоѓаат во видното поле на јавниот простор и на минувачите,согласно законската регулатива не смее да се поставуваат:

-Клима уреди,нивни одводни црева за истек на отпадна вода,

-Антени,разводни кутии и кабли за телекомуникации,интернет,електрика и сл.

-Неуредно водени олуци за одвод на атмосферска вода која понатаму се разлива по уличниот партер
-метални кутијасти објекти со додадени оџаци за печење скара
-рекламни табли и други информативни објекти спротивно на одобрение
-конзолни конструкции за сушење алишта

4.Се забранува пишување на графити, пораки и слично или на друг начин да се уништуваат надворешните делови од објектите

5. Врз крововите не смее да се поставуваат или изведуваат:
-Енергетски тела (соларни панели,бојлери и потконструкции за истите)
- кровни тераси и истите да се покриваат со перголи
-нови видови на метални оџаци(кај ресторанитe и угостителски објекти

-Не се дозволува да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори,
-рекламни табли, големи рекламни паноа
-Баџи кои претходно ги немало треба да бидат отстранети

-Задолжителна употреба на ќерамида - каналица како материјал за покривање;

-објекти покриени со лим,салонит и сл.да го променат кровниот покривач

6.Соларните инсталации,клима уреди и другите видови енергетски објекти онаму каде тие постојат ќе треба да бидат отстранети и поставени на друга невидлива позиција со стручна помош

7.По исклучок може да се одобри поставување на еркондишан или друг уред, кога не постои друго решение , но исклучиво со издавање посебна дозвола за поставување, под посебни услови и со посебно дизајн решение за `камуфлирање` усогласено со архитектонското обликување на објектот на кој се поставува.

8.Доколку се постапи спротивно на предложените точки од членот без одобрение, градежниот инспектор ќе донесе решение за отстранување на уредите

## Обликување и уредување на излози

**Член 5**

*1* **.** Адаптацијата на излозите,натписите на фирмите,кепенци или друг вид заштита на фасадите на дуќаните во чаршијата мора да се изврши според *Архитектонски проект за конзервација,реставрација и адаптација на интегрални фасади во Чаршијата*

2. Со цел враќање на автентичноста на изгледот на објектите (дуќани) и излозите, онаму каде е можно и за каде постои техничка или фотодокументација истите да бидат реконструирани
3. Кај дуќаните од типот магази да се задржи на фасадната обработка со камен (на приземјата и на високите приземја), а лаковите на отворите од истите да се обработени со тула (автентична обработка)
4. Да се изведат реконструкции на метални капаци за затворање на фасадните отвори кај магазите, според сочувани типови кај постојни објекти
5. Материјалот за изведба на излозите треба да биде дрво или друг современ материјал но во квалитетна колоритна имитација на дрво, според одобрение

6. Одобрението со условите што ке се издават за адаптација на излозите (и приземните фасади),мора да се во согласност со институционално усвоен *Проект за конзервација,реставрација и адаптација на интегрални фасади во Чаршијата* (споменат погоре)

**Член 6**

1. Излозите кај трговските дуќани во јадрото мора да бидат уредени и чисти и во нив не смее да се држи амбалажа или складирање на роба

2. Осветлувањето на излозите мора да биде изведено стручно во согласнсот со гореспоменатиот *Проект* и со современата светлосна техника, односно, на начин кој нема да ја осветлува сообраќајната површина туку само експонатите

3. Не се дозволува прикривање на излог со рекламно платно, пораки или друга опрема за рекламаирање, (по исклучок,потребно е да се добие одобрение од надлежниот орган)

4. Излозите кај објекти кои се адаптираат или во нив се извршуваат други времени активностии, мора да бидат прекриени со непроѕирен материјал
5. За време на прослави, манифестации од посебен интерес и други посебни празнувања, излозите можат да бидат пригодно декорирани

6. Сопственикот, односно корисникот на излогот, должен е сите оштетувања на истиот да ги отстрани на своја сметка

7. Забрането е изложување производи надвор од излогот

**Уредување и одржување на огради и зелените површини**

**Член 7**

1. Имателот на објектот, работниот простор и градежна парцела, должен е да ги одржува уредно вклучувајќи ја и оградата, за да не се нарушуваат визурите и безбедноста на луѓето заради руинираност..

2. Сопственикот на оградата должен е истата да ја одржува уредно а во обликувањето да е во согласност со утврдените традиционални модели на огради и градежни материјали регулирани од надлежната институција за заштита на наследството

3. да се изведе реконструкција или или типолошка обнова на оградите покрај јавната површина доколку постојат остатоци или техничка и фотодокументација од автентичниот изглед

4. Ако се работи за ограда од декоративни грмушки или друг вид вегетација, имателот е должен да ја реже(кастри) за да не биде опасна за пешаците,и

наи да ја засега просторната прегледност и визури, сигнализацијата и јавното осветлување

5. Ако постои опаснот од рушење на стебла на јавна површина и повреда на луѓе или оштетување имот, комуналниот инспектор ќе му нареди на имателот да го исече или да кастри делови од стеблото.

**Урбана опрема од јавен интерес и намена**
**Член 7**

Во урбана опрема од јавен интерес спаѓаат елементите на површините:

-партерни површини

-елементи за разграничување на површините

-огради и жардењери

-партерни решетки и огради за стебла

-партерни решетки и капаци(шахти) од комунална инфраструктура

-енергетски и телекомуникациски објекти на партерот

**Партерни површини**

**Член 8**

1. обработката на улиците, тротоарите, ивичниците, плоштадите,улични проширувања,улични скали,платформи од теренски денивелации и сл. да е од камени плочи или гранитни коцки како автентичен материјал во јадрото
2. не се дозволува примена на павер(бекатон) елементи, а на места каде веќе го има потребна е негова промена
3. на местата каде што над улиците има повисок насип неопходно е де се изведат потпорни камени зидови со завршница според усвоен проект
4. скалите кои што водат во влезот на објектот мораат да бидат во рамките на објектот, а не надвор од него (на уличниот, или тротоарски простор)

**Елементи за разграничување на површините**

**Член 9**

1. Опрема за регулација на сообраќајот- се подразбираат заштитни фиксни и флексибилни столбчиња, камени или бетонски топки, жардењери и саксии со украсни билки, заштитни огради, рампи, хидраулични столбчиња кои се

креваат и друга опрема со која се регулира/ограничува сообраќајното користење на површините

2.Опремата не смее да се става на ивицата на тротоарот за да се спречи непрописно паркирање на возила

3. Поставување на огради со цел просторни разграничувања на одредени проширувања на јавниот простор, со цел функционална организација според усвоена типологија за урбана опрема и според усвоен и одобрен проект.

4. Опремата од првиот став од овој член се поставува врз основа на одобрение од страна на градските органи

**Комунална и инфраструктурна опрема**

**Член 10**

1. Електричните ормани да не се слободностоечки и поставени во просторот на уличната партерната површина
2.телефонските инсталации да се подземни и скриени
3. Водоводната и канализационата мрежа да се реши по сите прописи со оглед на тоа што многу од објектите не се врзани во канализациона мрежа и се служат со непрописни септички јами
4.шахтите да се унифицираат по форма и обликување(каталошки),да се постават во осмислен ред при реконструкциските зафати на мрежата
5. донесување и спроведување на мерки за противпожарна заштита со оглед на улиците со мали профили и густат урбана агломерација

**партерни решетки и огради за стебла**

**член11**

1. За дрворедите од Чаршијата долж краците кон бул.Туристичка и у.Г.Делчев или за други проектирани позиции во потегот на јадрото да се употребуваат унифицирани партерни решетки или заштитни огради за стеблата со дизајн кој ќе е усогласен со дизајнот на останатиот урбан мобилијар во јадрото

**Урбан мобилијар**

**Член 12**

1.За урбан мобилијар се сметаат:
-елементи за јавно осветлување
-елементи за седење и наслонување
-корпи за отпад

-чешми и хидранти

-Јавни фонтани, водоскоци

-споменици, скулптури, спомен плочи и

-садови и жардењери за украсни растенија

-рекламни и информативни табли и медиуми(сигнализ.и сигналит.)

- табли и елементи за обележување на споменици на култура и објекти од значење
-Утилитарни објекти(маси и столици кај угостителски тераси, тенди,чадори,тезги,...)

2.Сите наведени елементи се поставуваат согласно со усвоен *Проект за уредување со урбана опрема на целиот заштитен просторен потег* а со одобрение од надлежен орган

**Светилки за јавно осветлување**

**Член 9**

1. Јавните површини во заштитеното подрачје мора да имаат прикладно јавно осветлување во согласност со современите светлосни техники, земајќи го во предвид значењето и функцијата на поедините делови од заштитеното подрачје
2. Позициите долж просторот и начинот на поставување на јавните светилки се прави според специјален *Проект за уредување со урбана опрема на целиот заштитен просторен потег* и *Фазен проект за осветлување*,а не за поединечни ад-хок позиции и истиот мора да е одобрен од надлежната институција за заштита (конзерваторски центар)
3. При поставување на слободностоечки канделабри да се внимава да не дојде до пореметување на движењето и сообраќајот како и визуелно девастирање на архитектонските објекти.
4. Типологијата со сите подваријанти(слободностоечки,конзолни и сл.,обликување,материјал,начин на фиксирање за подлогата-партер,зид и др.) мора да претставува унифицирана серија и според Каталог одобрен од надлежната институција за заштита(конзерваторски центар) заради усогласување со пропозициите за зачувување на вредностите на традиционалниот амбиент

5. Забрането е оштетување, уништување, прикачување на информативни,рекламни табли на светслосните арматури, објекти и уреди од јавното осветлување. Забрането е оградување, криење, или

било кој друг начин кој го спречува пристапот до објектите за јавно осветлување

## Јавни чешми , фонтани

**Член 10**

1. Треба да се изведат јавни чешми на одредени пунктови долж потегот согласно проект, а со цел снабдување со питка вода посебно во летните периоди.

2. Чешмите да се изведени од камен, согласно прописите во Законот за Охрид кој се однесува за овој вид урбана опрема и обликовно да се унифицирани

3. Позициите како и дизајнот за чешмите треба да бидат дел од институционалноодобрен *Проект за целосно уредување со урбана опрема на заштитениот потег* (на локално и заштитно ниво)

## Споменици, скулптури и спомен белези

**Член 11**

1. Иницијатива за поставување, преместување или отстранување на споменик, скулптури, спомен плочи, сакрални обележувања и слични објекти може да да поднесе правно лице (овластено за градот , друга институција) и физичко лице согласно законската регулатива за таа предметна област

2. Спомениците, скулптурите,спомен плочи и другите обележја мора да се одржуваат и не смее да се оштетуваат и уништуваат

## Утилитарни објекти од урбан мобилијар

**Член 13**

1. Под утилитарни објекти од урбан мобилијар се подразбира:
    - Опрема која служи за организирање на тераси кај угостителските објекти (маси, столици, вазни и жардињери, тенди, подвижни огради, различни подни подлоги и останата опрема која е потребна во угостителството)

- За користење на јавните простори за тераси потребно е одобрение од надлежниот орган.

2. Терасите во заштитениот предметен потег можат да бидат со различна површина и тоа:
   - Тераса со ширина 1м планирана за поставување маси во еден ред со по две столици
   - Тераси со широчина 2м планирани за поставување во еден ред со 4 столици
   - Тераси со широчина 4 метра планирани за сместување на два реда маси со по 4 столици

**Тенди и чадори**

**Член14**

1. Тендите и чадорите кои се употребуваат на предметниот потег мора да се унифицирани во боја,форма и материјал ,како на јавниот простор даден на користење,така и на приватните и јавни објекти чии фасади се во видно поле на јавниот простор

2. Материјалот мора да е исклучиво акрилно платно и еднобоен

3. Бојата на тендите и чадорите може да биде само природно бела или драп (бордо,боја на теракота??)и без секаква реклама или друг вид испишувања

4. Тендите и чадорите на јавниот простор се поставуваат исклучиво во рамките на дозволената површина за користење ,не смеат да навлегуваат во соседен габарит ,на друг простор или на простор со друга намена

5. Начинот на функционирање на тендите(конзолни фиксирани за зид или слободностоечки) е дефиниран според функцијата на локациите во потегот(ресторани,кафетерии...) и од видот на објектот кој се засенчува(дуќани,куќи..)

6. Поставувањето на тенди и чадори е со одобрение на локалните надлежни тела

**Маси , столици и друг мебел**

**Член15**

Терасите во јавниот простор се опремаат со мебел од природни материјали или добра имитација на природни материјали(маси , столици,паравани,жардењери помеѓу маси и сл.)

## Садови за украсни растенија

**Член 16**

1. На површините за јавна намена дозволено е поставување на садови и жардењери со украсни растенија усогласено со *Проект за уредување на заштитениот потег со урбана опрем,*а со одобрение на надлежниот орган при поставувањето

2. Доколку садови со украсно цвеќе со одобрување се поставувани покрај влезови во приватни дуќани,куќи и сл.,имателот е обврзан садовите со украсни растенија да ги одржува, дополнува, обновува и чисти.

3. Украсни растенија може да се постават во јавни жардињери а одржувањето на истите се на товар на комуналните служби

4. Материјалот за садовите и жардрниерите за украсни растенија треба да е од природен материјал(камен,дрво,керамика) или со нивна добра имитација,а формата, големината и колоритот да се во унифицирани варијантни серии и одобрени

## Елементи за рекламирање,огласување и информирање

**Член 17**

1. Во оквир на градот овој вид урбан мобилијар се поставува врз база на:
   - Одредбите од овој Правилник
   - согласно *Проект за уредување со урбана опрема на заштитениот потег* со кој се утврдува локацијата, смерници при обликувањето, распоред и начин на поставување на овој вид урбана опрема
   - Одобрение од надлежните тела на Градската управа
   - Опремата која се поставува без одобрение ,комуналниот инспектор веднаш ќе нареди да се отстрани. Доколку опремата не се отстрани, истото ќе го направи трето лице на товар на лицето кое ја поставило

**Член 18**

1. Овој вид урбан мобилијар може да се постави ако:

-Не влијае на обликувањето и функционирањето на околниот простор

- Естетски не влијае негативно на објектите на кои стои и на амбиентот
- Не ја попречува визурата кон објектите и амбиентот

- Со својата поставка не пречи на одвивањето на автомобилскиот и пешачкиот промет
- Не го попречува или отежнува користењето на објектите
- Не ја отежнува сигурноста на луѓето
- Не пречи при работењето на комуналните и други инфраструктури
- Не ја намалува прегледноста на хоризонталната и вертикалната сигнализација
- Не причинува дополнителен извор на бучава и загадување

1. Јавните површини можат да се дадат на привремено користење за поставување на дел од овој вид опрема со одобрение на градските тела
2. Одобрение и графички приказ за користење на јавните површини од овој став мора да биде изложен на видливо место кај корисникот на јавната површина

**Опрема за плакатирање**

**Член 19**

1. За опрема за плакатирање се смета опрема за поставување плакати за информации или рекламирање

2. Опремата за плакатирање се поставува на места утврдени со *Проектот за уредување со урбана опрема на заштитениот потег* и со одлука на градската управа
3. Забрането е лепење и поставување плакати, огласи и промотивни материјали на места кои не се предвидени за таа наменаа, како што се стебла, потпорни ѕидови,фасади, столбови за јавно осветлување, канти за отпадоци, огради како и на други места за кои не постои одобрение од надлежниот орган
4. Поставување плакати без претходно добиено одобрение ги санкционира комуналната инспекција

**Опрема за рекламирање и огласување**

**Член 20**

1. Опрема за рекламирање и огласување се сметаат:

 -рекламни паноа,табли ,подвижни паноа

 -табли за огласување на дејност,...

2. На јавните површини може да се постави опрема за рекламирање на определена локација со одобрение
3. Табли и друг вид опрема за огласување се поставува на објектот кој огласува а со одобрение

4. Дизајнот на дел од овој вид опрема мора да е според *Проектот за унификација на урбана опрема во јадрото*

**Опрема за информирање**

**Член 21**

1. Опрема за информирање се сметаат:
   - Елементи за сигнализација(информирање за правци кон позициите на споменици на културата,на природата и објекти од културно и природно значење и сл.)
   - Табли за обележување на споменици на култура,на природата и објекти од културно и природно значење
   - Обични или медиумски панои за сигналитика,tuch-screen( со пошироки експликации за спомениците или споменични локации,места,личности

2. На јавните површини на проектно зацртана локација а со одобрение може да се постават обични или медиумски панои за сигналитика,tuch-screen( со пошироки експликации за спомениците или споменични локации,места,личности)

3. Табли за обележување на споменици на култура,на природата и објекти од културно и природно значење се поставува на објектот ,а со одобрение

4. Дизајнот на дел од овој вид опрема мора да е според усвоен *Проект за унификација на урбана опрема во јадрото*

: **Патокази**

**Член 22**

1. Патокази кои не се дефинирани со други акти (сообраќајна, туристичка и друга сигнализација) а имаат за цел насочување према објект од здравствен карактер и сл. се поставуваат на јавните површини како и на приватни објекти но со одобрение од градските служби
2. На објекти во приватна сопственост можат да се стават вакви патокази само со согласност на сопственикот

**Опрема за отпад**

**Член 23**

1. Садови за отпад, корпи за отпад и друга опрема за отстранување на отпадот, надземни и вкопани контејнери да се постават на соодветно место дефинирано со проект и одобрено
2. Дизајнот на корпите и друг вид садови за отпад да е според усвоен *Проект за унификација на урбана опрема во јадрото*

**Продажба на стоки (роба) надвор дуќани**

**Член 24**

1. Локацијата и останатите услови за продажба на роба и вршење други услуги надвор од продавницата се врши со одобрување од органите на локално ниво

2. Правни и физички лица можат да вршат продажба на роба на отворени простори во согласност со прописите кои ја одредуваат дејноста – трговија

3. Тезгите на кои се врши продажбата мора да бидат според типолошкиот дизајн дефиниран во *Проект за унификација на урбана опрема во потегот*

## 2. 3. ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА И ЧУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

**Член 25**

1. Површините кои служат за јавна намена во заштитениот потег на јадрото потребно е редовно да се одржуваат, чистат и чуваат од загадување а со изгледот и со опремата да служат на намената за која се поставени
2. Одржувањето на чистотата на јавните површини е на товар на комуналната служба на градот а се утврдува со годишна програма која се донесува на локално ниво
3. Имателите на поедини објекти кои се наоѓаат на границите на јавниот простор, се должни секојдневно да ги одржуваат и чистат јавните површини

**Член 26**

1. Правно лице или физичко лице – занаетчија кое врши дејност која ги загадува јавните површини, должен е редовно да чисти и да ја осигура чистота на јавните површини

2. Организатор на јавни културни настани,фестивали на отворено, приредби и собири, како корисник на јавни провршини на кои се поставуаат и привремени објекти во заштитеното јадро,обврзан е да ги чисти јавните површини и пристапот кон нив се до завршувањето на активностите

3. Организаторот од став 2 на овој челн должен е веднаш по завршувањето на активноста да ја доведе јавната површина во првобитна состојба

4. Ако не биде постапено согласно став 3 од овој член, комуналниот инспектор му достави решение за извршување на работите од став 3

**Член 27**

1. **З**абрането е оставање на дотраени и оштетени возила(и кајчиња) кои не се вклучени во сообраќај да стојат на јавните површини или во приватни неоградени дворови кон кои има слободна визура
2. Комуналниот инспектор ќе му нареди на сопственикот на возилото и останата опрема да ја отстрани од јавниот простор во рок од 8 дена
3. Остатоци од оштетени возила и друга опрема за која не може да се утврди сопственикот, ќе се смета дека истите се напуштени, па ќе се отстранат по налог на комуналниот инспектор

## Уредување, одржување и користење на јавните зелени површини

**Член 28**

1. Со одлука на градоначалникот се уредува и одржува јавното зеленило, се разработуваат сите обврзни хортикултурни проекти и работи за планирање нови јавни зелени површини
2. Јавните зелени површини во заштитеното јадро се уредуваат и одржуваат согласно сите прописи за целиот град
3. Потребно е засадување на типови брзорастечки зимзелени ползавици( или друг вид) кои ке се развијат во вид на *фасадни паравани* како би се покриле парцели или дворови кои се во грдежно запуштена или рушевна состојба,а се наоѓаат на граница на јавен простор и слободна визура
4. Чување и правилно одржување на чемпресите во црквените дворови кои претставуваат трдиционано симболично означување на присуство на христијански верски објекти во јадрото и истовремено претставуваат зелени вертикални урбани акценти во традиционалната хоризонтална диспозиција на јадрото
5. Одредени видови чемпреси во охридскиот регион се заштитени со закон; истите може да се засадуваат во јадрото како во јавните простори така и да се препорачани на имателите на приватни дворови во заштитениот

потег ,со што би се додал уште еден елемент на споменичка препознатливост на СГЈ
6. За дрвја заштитени како објект на природата(Чинари,Чемпреси), се применуваат прописи за заштита на природата

**Камери за надзор**

**Член 29**

1. Надземни камери се поставуваат на јавни површини заради надзор и превенција на противправни однесувања, чување на јавните површини и имовина на владение на градот, правни и физички лица

2. На локациите каде се поставуваат камери, задолжително јавно да се истакне натпис дека просторот е под надзор

3. Камерите се поставуваат со решение на градската управа

**Собирање, транспорт и складирање на комуналниот отпад**

**Член 30**

1. Јавната услуга за собирање на отпадот во заштитениот потег ја извршува комуналната служба во Охрид

## 2.4. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ И РАБОТИ ПРОТИВПРАВНО ИЗГРАДЕНИ

**Член 31**

1. Урбана опрема, уреди и други предмети поставени на јавна површина од заштитеното јадро или на нејзина граница, мора веднаш да се отстранат и тоа по наредба на комуналниот инспектор
2. Ако предметите поставени на јавната површина се дотраени и неупотребливи, комуналниот инспектор ќе нареди истите да се отстранат
3. Ако физичкото и правното лице не постапи согласно решението доставено од комуналниот инспектор, инспекторот ќе ангажира трето лице на товар на физичкото и правното лице
4. Противправно поставени реклами, патокази, транспаренти, плакати, разни натписи и информации, клима уреди и друго, се отстрануваат веднаш по доставување решение од страна комунален инспектор

**Член 32**

1. Комуналниот инспектор е овластен да ги врши следните работи:

   - Нареди на физичкото или правно лице да постапи према законот
   - Нареди да се отстарни оштетената опрема
   - Нареди отстарнуавње на противправно на опрема и уреди, објекти или уреди кои имаат недостатоци се додека не ја врати јавната површина во претходната состојба
   - Издава прекршочен налог и достави парична казна
2. Против Решението од комуналниот инспектор може да се поднесе жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението

**Член 33**

1. Комуналниот инспектор ќе нареди на физичкото или правно лице да ја плати штетата која е последица на непридржување на одредбата од овој предлог правилник

2. Комуналниот инспектор е должен да го пријави физичкото или правно лице на надлежните инспекции

## 2.5. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 34**

1. За сторен прекршок ќе се казни правното лице во износ од ........ ден и одговорното лице кое е вработено кај правното лице во износ од ...... ден. Физичко лице кое извршува самостојна дејност ќе се казни во износ од ...... ден, и тоа:

   - Ако поставува на фасадата знаци, плочи, уреди и опрема без или спротивно на одобрение, уништува надворешни делови на зграда, не ги отстранува натписите во пропишаниот рок, односно постапува спротивно на одредбите од овој правилни

   - Ако излозите, изложбените пултови или витрините не се обликувани согласно одобрението, не се одржува чисто и уредно, во нив се чува амбалажа или складирање роба, ноќе не се осветлени робата или производите и се изложуваат надвор од излогот, во затворен изложбен плакар или витрина, односно на пристапот во деловниот простор, со што се постапува спротивно на одредбите од овој правилник

- На јавната површина до објектот постави урбани елементи и други предмети без одобрение, истите не ги одржува уредно, не ги чисти, постапува спротивно на одредбите од овој правилник

- Подвижниот продавач работи без одобрение односно работи спротивно на правилникот

- Постави опрема за дополнителна рекламирање без или спротивно на одобрението

- Поставува патокази без или спротивно на одобрението
- За време на разни празнувања поставува подвижни средства на јавните површини без одобрување; после завршувањето на манифестацијата во даден рок не ја исчисти површината на која се одржува манифестацијата
- Јавните површини ги користи спротивно на нивната намена, зафаќа јавна површина за било каква намена без одобрение, па загадува, уништува или материјално и визуелно ја оштетува јавната површина
- Ја ангажира јавната површина без одобрение заради одлагање (поставување) градежен материјал, поставување градежно скеле, локацијата не ја оградува, не ја осигурува земјата од растурање, и не ја огради, не ја осигурува земјата од растурање и не ја врати јавната површина во првобитна состојба

- Привремено зафаќање на јавната површина за паркирање товарни возила и опрема, односно постапува спротивно на Правилникот

- Врши утовар и истовар на роба на јавните површини при што може да дојде до оштетување на јавните површини

- Не ја чисти површината согласно оперативниот план

**Член 35**

1. Правно лице ќе се казни со парична казна од ................денари и одговорно лице со сума од ............. денари како и приватник кој извршува друга самостојна дејност со ........... денари ако:

- Поставува, менува или отстранува плочка за куќен број без одобрение од соодветниот орган на Општината

- Ја загадува фасадата и не ги одржува надворешните делови од зградата

- Поставува урбана опрема спротивно на одредбите од Правилникот

- Поставува опрема за плакатирање без претходно одобрение

- Фрла или дистрибуира летоци без одобрение

- Сопствениците или корисниците на објектите не ја одржуваат чиста јавната површина
- Не ја одржува зелената површина

## 2. 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

Пополнува инвеститорот (нарачателот) на Правилникот

## Ж. ТИПОЛОГИЈА НА ЕЛЕМЕНТИ ЗА УНИФИЦИРАНО УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР И АРХИТЕКТОНСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ КОИ СЕ ВО НЕГОВО ВИДНО ПОЛЕ ЗА ЗАШТИТЕНОТО СТАРОГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД предлог за каталошка содржина

**А.ЕЛЕМЕНТИ ОД УРБАНА ОПРЕМА НА ПАРТЕРНИТЕ ПОВРШИНИ-**

**1Обработка на партер**

1.1 Поплочувања- улици,тротоари,улични проширувања,плоштади,денивелации

1.2 Улици-скали, скалници

1.3 потпорни зидови

1.4 Уредување на зелени површини

1.5 огради,жардениери

**2.Елементи за разграничување на површините**

2.1 видови на столбчиња (метални,пиломати- хидраулични подигнувачки столбчиња ..

2.2 ,рампи или друг вид вертикални ограничувања(не од приватните објекти)

2.3 камени,односно бетонски граничници(топки) за колски сообраќај,цвеќарници....

2.4 зидани и друг вид на огради во урб.површини

2.5 друго

**3.Елементи за третман на вегетација**

3.1 Подни решетки за стебла

3.2 Заштитни огради за стебла

3.3 Жардениери

**4.Елементи од инфраструктура**

4.1 Ормари за струја

4.2 Капаци за шахти на урбаните површини

4.3 хидранти,чешми и фонтани

**Б.ОПРЕМА ОД УРБАН МОБИЛИЈАР**

**1.Елементи за седење**

1.1 Клупи со наслон,клупи без наслон,

**2 Елементи за ѓубре**

1.1 Корпи за ѓубре

1.2 Надземни контејнери

1.3 Звона(контејнери) за рециклажа

**3 Елементи за осветлување**

3.1 Слободно стоечки светилки

3.2 Висечки светилки

3.3 Конзолни светилки

3.4 Осветлување на фасади ,објекти,амбиенти(илуминација)

**4 Елементи за информирање на пешации**

4.1 Елементи за обележување на спомениции на култура и објекти од значење

*4.1.1 Зидни ,подни и самостоечки табли*

4.2 Информативни елементи за споменици на култура , споменички целини,споменик на природа

*4.2.1 зидни ,самостоечки паноа, ,медиумски екрани,Tuch screen......*

4.3 Сигнализација (правци..)

*4.3.1,самостоечки тотеми, зидни , конзолни табли,*

**5. Елементи за огласување**

5. 1 табли ,плочи за огласување на угостителство, сместувачки капацитети,

*4.1.1 Зидни,конзолни,слободностоечки*

5.2 Елементи за огласување на услужни дејности

*5.2.1 зидни,конзолни,слободностоечки*

5.3 Опрема и елементи за рекламирање

**3. УТИЛИТАРЕН МОБИЛИЈАР**

3.1 Маси,столици,разделувачки жардењери ,

3.2 Тезги за продажба на отворено

**4.ЕЛЕМЕНТИ ЗА ЗАСЕНЧУВАЊЕ**

4.1 Тенди –самостоечки,конзолни

4.2 Чадори

4.3 Настрешници

# ЛИТЕРАТУРА


- План за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид (бр 13-221/2 од 06.02.2017 НУ Завод и Музеј Охрид), изработен согласно одредбите од Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за култруно наследство од особено значење
- Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за култруно наследство од особено значење („Сл. весник на РМ“ бр. 44/2011 и 154/2015)
- Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16)
- Законот за градење (Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13 и 79/13)
- Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.
- ЗАКОН ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Службен весник на РМ, бр. 199 од 30.12.2014
- ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Сл. Весник на Р. Македонија, бр.44 од 19.03.2015 година
- ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Сл. Весник на Р. Македонија, бр.193 од 06.11.2015 година
- ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година

**<u>Елаборатот го изработиле:</u>**

**Проф.Никола Павловски дипл.инж.арх.**
*Архитектонски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје*

**Проф.д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска дипл.инж.арх.**
*Архитектонски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Скопје*

**Горан Патчев дипл.инж.арх.**
овластен конзерватор, НУ Завод и Музеј, Охрид

**м-р Висар Палоши град.инж.**
ЗИМ „СКОПЈЕ“ - А.Д.Скопје